СОУ „КОЧО РАЦИН“ СВЕТИ НИКОЛЕ

САМОЕВАЛУАЦИЈА

2025 година

СОДРЖИНА

Вовед во самоевалуацијата на училиштето……5

1.1 Цели на самоевалуацијата**.....5**

1.2 Процес на самоевалуацијата**.....6**

Фази на спроведување на самоевалуацијата.....7

Тим за реализација на самоевалуацијата.....8

ПОДРАЧЈЕ 1. Наставни планови и програми.....9

Индикатор 1.1. Реализација на наставните планови и програми**.....10**

Индикатор 1.2. Квалитет на наставните планови и програми**.....18**

Индикатор 1.3. Воннаставни активности**.....26**

ПОДРАЧЈЕ 2. Постигања на учениците.....50

Индикатор 2.1. Постигања на учениците**.....51**

Индикатор 2.2. Задржување / осипување на учениците**.....67**

Индикатор 2.3. Повторување на учениците**.....75**

ПОДРАЧЈЕ 3. Учење и настава.....79

Индикатор 3.1. Планирања на наставниците**.....80**

Индикатор 3.2. Наставен процес.....82

Индикатор 3.3. Искуства на учениците од учењето.....83

Индикатор 3.4. Задоволување на потребите на учениците.....85

Индикатор 3.5. Оценувањето како дел од наставата.....86

Индикатор 3.6. Известување за напредокот на учениците.....88

ПОДРАЧЈЕ 4. Поддршка на учениците.....96

Индикатор 4.1. Севкупна грижа за учениците.....97

Индикатор 4.2. Здравје.....102

Индикатор 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците.....107

Индикатор 4.4. Следење на напредокот.....109

ПОДРАЧЈЕ 5. Училишна клима и односи во училиштето.....118

Индикатор 5.1. Училишна клима и односи во училиштето.....119

Индикатор 5.2. Промовирање на постигањата.....122

Индикатор 5.3. Еднаквост и правичност.....125

Индикатор 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница.....128

ПОДРАЧЈЕ 6. Ресурси.....134

Индикатор 6.1. Сместување и просторни капацитети.....135

Индикатор 6.2. Наставни средства и материјали.....140

Индикатор 6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар.....143

Индикатор 6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар.....149

Индикатор 6.5. Финансиско работење во училиштето.....151

ПОДРАЧЈЕ 7. Управување, раководење и креирање политика.....158

Индикатор 7.1. Управување и раководење со училиштето.....159

Индикатор 7.2. Цели и креирање на училишната политика.....163

Индикатор 7.3. Развојно планирање.....165

ПОДРАЧЈЕ 8. Соработка со пазарот на труд.....171

Индикатор 8.1. Технички аспекти на реализација на УПР.....172

Индикатор 8.2. Имплементација и ефекти од практичната обука.....179

Индикатор 8.3. Степен на задоволство на вклучените страни.....180

Индикатор 8.4. Стекнати вештини, пречки и препораки.....182

ПРЕДЛОГ-МЕРКИ.....189

ИЗВЕШТАЈ ПО ИЗВЕДЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА.....191

Вовед во самоевалуацијата на училиштето

Самоевалуацијата на училиштето е процес на систематско и континуирано следење, анализирање и вреднување на остварената со единствена цел унапредување и обезбедување квалитет во работата на училиштето.
Во постапката на самоевалуацијата на училиштето се бара одговор на три клучни прашања :

- **Колку е добро нашето училиште?**
- **Како го знаеме тоа?**
- **Што може да направиме да бидеме подобри?**

Одговорите на овие прашања мора да се темелат на објективни и релевантни податоци како и на реални увиди во функционирањето на училиштето.

1.1. Цели на самоевалуацијата:

- Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата.
- Ефективно и ефикасно раководење на Директорот со училиштето.
- Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти : директор, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница и во воспитно-образовниот систем.
- Обезбедување на поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето.
- Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати.
- Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување.
- Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на воспитно-образовниот процес во училиштето.

1.2. Процес на самоевалуацијата

Шематски приказ на процесот на самоевалуација



Тимот за самоевалуација изработи Акционен план за спроведување на самоевалуацијата со кој беа дефинирани подрачјата и индикаторите за квалитет, подиндикаторите, методите и техниките за прибирање податоци, инструментите за истражување, како и начинот на обработка и анализа на добиените податоци. За секое подрачје беа формирани работни групи кои извршија анализа на документацијата, спроведоа анкети и интервјуа, ги усогласија добиените наоди и изготвија поединечни извештаи. Врз основа на добиените сознанија беа утврдени клучните јаки и слаби страни и беа дефинирани приоритетните подрачја за развој.

ФАЗИ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА

1. ***Подготвителна фаза***

- Се формираше тим на ниво на училиште од 3 наставници и директор на училиштето
- Формирање на работни групи од онолку члена колку што има индикатори за квалитет за секои од осумте подрачја
- Тимот за самоевалуација изработува акционен план со кој се дефинираат:
    - ✓ Подрачјата и индикаторите на квалитет
    - ✓ Подиндикатори
    - ✓ Методи и техники на самоевалуација
    - ✓ Инструменти за прибирање на податоци
    - ✓ Начин на прибирање и обработка на податоците

2. ***Фази на реализација***

- Анализа на податоци и документација
- Усогласување на добиени наоди
- SWOT анализа и издвојување на приоритети
- Подготовка на поединечни извештаи за самоевалуација за секоја од 8-те области
- Подготовка на заеднички нацрт извештај за спроведена самоевалуација

3. ***Фаза на известување и усвојување***

- Наставнички совет
- Совет на родители
- Директор на училиште
- Училиштен одбор

Тим за спроведување на самоевалуацијата:

Игор Николов **– претседател**

ТИМОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА:

Подрачје 1: Наставни планови и програми	**Подрачје 2: Постигања на учениците**	**Подрачје 3: Учење и настава**	**Подрачје 4: Поддршка на учениците**	**Подрачје 5: Училишна клима**	**Подрачје 6: Ресурси**	**Подрачје 7: Управување, Раководење и креирање политика**	**Подрачје 8: Соработка со пазарот на труд**
Координатор	***Координатор***	***Координатор***	***Координатор***	***Координатор***	***Координатор***	***Координатор***	***Координатор***
Панев Ристе	**Митрева Зојица**	**Лазева Митева Оливера**	**Бошкова Наташа**	**Данева Сања**	**Маркова Ангела**	**Костадинова Марија**	**Тодосовска Јасмина**
членови	**членови**	**членови**	**членови**	**членови**	**членови**	**членови**	**членови**
Елена Сарафиновска	Ангел Андроников	Ивана Спасева	Горан Мијалковски	Сунчица Здравкова	Јасмина Јованчева	Тодор Димов	Славјанка Тренчева
Оливер Петрушев	Марија Јорданова	Кристијан Насевски	Зоран Стојановски	Надица Кузелова Јованова	Игор Манев	Маја Гелева	Билјана Панева
Александар Трајчев	Бојанка Ефремовска	Сонја Трајкова	Горан Тасев	Христина Салтирова	Силвија Накова	Александра Стојковска	Благица Петрова
Роберт Ѓоргиев	Маринела Зафирова Стоилевска	Ацо Атанасов	Емина Петкова	Василка Голубова	Ленче Трајкова	Биљана Трајанова	Билјана Миланова
Ивица Митрушов	Тодор Јованов	Марјан Кировски		Валентина Тодевска Тричковски		Влатко Цеков	

ПОДРАЧЈЕ БР. 1: НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ		
Бр.	**Индикатор за квалитет**	**Теми**
1.1.	**Реализација на наставните планови и програми**	• Применувани наставни планови и програми • Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми • Изработување на индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби • Избор на наставни предмети • Планирање на активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето
1.2.	**Квалитет на наставните планови и програми**	• Родова и етничка рамноправност, мултикултурни содржини во наставните програми и учебните помагала • Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала • Интегрирање на меѓупредметните цели на образованието • Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми
1.3.	**Воннаставни активности**	• Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности • Опфат на учениците со воннаставните активности • Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности • Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности

Подрачје 1.НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

1 .1. Реализација на наставните планови и програми

Прегледани документи

- ✓ Наставни планови и програми донесени од страна на МОН
- ✓ Годишни распределенија подготвени од наставниците
- ✓ Тематски распределенија
- ✓ Дневни оперативни подготовки за наставни часови
- ✓ Дневници на паралелките
- ✓ Е-дневник
- ✓ Педагошка евиденција и документација
- ✓ Нормативни акти на училиштето
- ✓ Годишна програма на училиштето

Собрани податоци

Училиштето во целост ги реализира наставните планови и програми за гимназиското и стручното образование, кои се донесени од страна на Министерството за образование и наука (МОН) и Бирото за развој на образованието (БРО).

При реализацијата на наставата, училиштето се стреми кон обезбедување целосна и соодветна ангажираност на наставниот кадар по сите задолжителни и изборни предмети.

Посебно внимание се посветува на новините во гимназиското образование, каде од септември 2025 година, за учениците во прва година, се применуваат новите наставни програми. За таа цел, дел од наставниот кадар помина низ соодветни обуки во текот на август 2025 година, со што е обезбедена успешна имплементација на новите планови и компетенциите што тие ги предвидуваат.

Во делот на стручното образование, училиштето континуирано го развива проектот за дуално образование, кој е воведен во учебната 2020/2021 година. Преку овој пристап, учениците се стекнуваат со практични вештини во реална работна средина, што се реализира преку предметот „Учење

- ✓ Записници од родителски совети, совети на паралелките, родителски средби, индивидуални и групни разговори
- ✓ Записници од училишен одбор
- ✓ Записници од работа на стручни активи
- ✓ Записници од работата на наставнички совет
- ✓ Програми за деца со посебни потреби
- ✓ Извештаи од одржани десиминации
- ✓ Флаери и друг рекламен материјал
- ✓ Стручни упатства и насоки за реализација на програми од витален национален и животен интерес
- ✓ Портфолија на наставниците

преку работа кај работодавач“. Дополнително, како составен дел од образовниот процес, училиштето системски ја спроведува феријалната пракса во летниот период за учениците од прва, втора и трета година. Овој процес се одвива согласно утврдените договори со деловната заедница, што овозможува континуитет и квалитетно поврзување на теоријата со праксата.

- **Континуитет во наставата:** Феријалната пракса останува клучна алка во поврзувањето на теоријата со практиката, овозможувајќи им на учениците да ги усовршат своите вештини во реални работни услови кај работодавачите.
- **Организација:** Процесот се одвива според веќе воспоставените договори со деловната заедница, со што се обезбедува непречено обавување на практичната настава и во тековниот циклус.

Зголемувањето на вкупниот фонд на часови за практична настава е солидна основа, на која треба да се надогради неопходната техничка опременост на училиштето за овие часови да бидат поефикасно и во целост реализирани.

За реализација на практичната настава има склучено меморандуми и договори за соработка за реализација на учење преку работа кај работодавач и феријална пракса.

За земјоделско- ветеринарната струка сите профили/квалификации

✓ Покани за семинари

се склучени со:

- Земјоделско-ветеринарна струка: ДООЕЛ „Бониер“ Агро (с. Ерџелија), „Калемар Комерц“ ДООЕЛ (с. Павлешенци – освен за профилот ветеринарен техничар), „Овчеполка“ ДООЕЛ (Велес), „Агриа“ ДООЕЛ (Велес), „Поледелство“ ДООЕЛ (с. Ерџелија) и „УНИ АГРО“ ДОО (Велес).

  За техничар по ветеринарна медицина имаме склучено со:

  -„АнималВет Ким“ (Свети Николе), „МИК“ (Свети Николе), Ветеринарна станица (Свети Николе) и „Алфа Вет“ (подружница на „Гоче и Џоле“ ДОО, Штип).

  За машински техничар за моторни возила имаме склучено со:

  -„Ава Сервис“ ДООЕЛ, СЗД „Автосервис Петров“, „Автоцентар Митев Сервис Гроуп“ ДООЕЛ, ДПТУ „Авто куќа БАЦОЦ“ ДООЕЛ, ДООЕЛ „Бониер“ Агро, ДПТУ „Лидер Инженеринг“ ДООЕЛ, „Овчеполка“ ДООЕЛ, „Агриа“ ДООЕЛ, „Поледелство“ ДООЕЛ и СЗД „Миланов Тјунинг“ (сите од Свети Николе/Велес/с. Ерџелија).

  Од хемиско-технолошката струка, профил/квалификација прехранбен техничар имаме склучено со:

  -„Лион“, „МИК“, ДПТУ „Шиткарски“ и „Истрај Промет“ (сите од Свети Николе), како и „Овчеполка“ и „Агриа“ (Велес).

И покрај позитивните резултати, училиштето се соочува со одредени предизвици во реализацијата на практичната настава. Професорите

укажуваат на недостаток од наставни и нагледни средства, соодветна механизација и опрема, како и на потребата од подобро прилагодување на просторните услови. Постои и објективен дисбаланс помеѓу времето предвидено за практична настава и агротехничките мерки во земјоделството, а предизвик претставува и обезбедувањето соодветни ментори кај работодавачите.

Посебно внимание во училиштето е посветено на процесот на инклузија, кој се темели на принципот на еднакви можности и почитување на индивидуалните потреби на секој ученик. Во текот на последните две учебни години, училиштето успешно инклудираше четири ученици со посебни образовни потреби, обезбедувајќи им соодветна поддршка за целосна социјализација и напредок во воспитно-образовниот процес. За секој од овие ученици е изработен и се применува посебно адаптиран Индивидуален образовен план (ИОП), кој е прецизно прилагоден на нивните специфични можности, способности и развојни потреби.

Овој процес на адаптација не се однесува само на содржините, туку и на методите на работа, при што секој предметен наставник, во соработка со стручната служба, активно работи на усогласување на наставниот материјал со капацитетите на ученикот. Системот на поддршка е конципиран како мултидисциплинарен тимски напор, во кој рамноправно учествуваат директорот, стручната служба составена од педагог, психолог и социолог, предметните наставници, како и координаторот на

инклузивниот тим. Посебен акцент се става на континуираната соработка со родителите, бидејќи партнерскиот однос меѓу семејството и училиштето е од суштинско значење за успешното реализирање на ИОП-от и за постигнувањето на долгорочните цели за осамостојување и функционално знаење на овие ученици.

За реализација на предметот спорт и спортски активности има затворена повеќенаменска балон сала во дворот на гимназијата за која сеуште не е во функција. Во стручното образование има изградено нови спортски игралишта и реквизити на отворено.

Секој непосреден извршител (предметен наставник) има навреме доставени годишни и тематски распределенија во портфолиото кое е сместено во просторијата за стручна служба.

Дневните оперативни подготовки се обврска на секој извршител за секој наставен час и на увид на секој задолжен за следење и реализација на наставната програма.

Е-дневникот за работа на час се ажурира благовремено од страна на сите непосредни извршители (кл.раководител, предметни наставници, стручна служба). Во училиштето се формирани тимови за следење на целосното и навремено ажурирање.

Педагошката евиденција и документација се ажурира во согласност со законските нормативни акти, како и согласно календарот за работа

излезен во службен весник.

Наставниците редовно планираат и реализираат ИКТ во наставата и секој наставник во својата годишна програма за настава планира минимум 30% од вкупниот број на часови кои се проследени со ИКТ.

Наставните планови и програми целосно и задолжително се достапни на:

- **Наставниците** - преку наставнички совет, стручни активи, активи на години, стручна служба

- **Родителите** – преку родителски средби, индивидуални и групни разговори, јавни конкурси, флаери, усмени и видео-презентации и сл.

- **Учениците** – преку класните часови, воведни предавања на почетокот на учебната година, усмени и видео-презентации, индивидуални и групни разговори, флаери, локалните медиуми и сл.

Учениците од стручното образование во текот на учебната година реализираат практична настава во соработка со локалната заедница, социјални партнери и бизнис секторот. Училиштето го искористува се она што може да го понуди локалната средина за успешно остварување на програмските задачи, а со тоа квалификување на учениците со применливи знаења т.е оспособување за извршување на определени работни задачи во зависност од образовниот профил, но и подигање на степенот на социјализација и културното ниво на учениците. Во годишната програма во

подрачјето соработка со локалната средина програмски ги прилагодуваме наставните содржини за општествено корисна работа, манифестации оранизирани за одбележување на историски и културни дати од блиската и подалечната историја на македонскиот народ, целосна соработка со *ОО на Црвениот крст, Доброволното противпожарно друштво, Домот на културата ,,Крсте Петков Мисирков“, Организацијата на жени и останатите институции кои ја збогатуваат образовно – воспитната функција.* Со тоа учениците стануваат совесни и одговорни чинители на заедницата.

Според резултатите од спроведената анкета меѓу наставниците и учениците беа добиени сознанија за начинот на избор на слободните часови, изборните предмети и изборните подрачја. На крајот на втора година учениците добиваат листи за избор на предмети и подрачја (за проектните активности и слободните часови содржини програмирани од училиштето секоја година). Изборот се врши заедно со родителите и стручната служба.

Записниците од одржаните состаноци на совет на родители и ученичката заедница покажуваат дека и родителите и учениците се вклучени во работата на училиштето, но воглавно во воннаставните активности. Се забележува мал број дискусии или иницијативи за начините на реализирање и квалитетот на наставните планови и програми. Анкетите покажуваат дека и родителите и учениците, па дури и најголемиот дел од

професорите се изјасниле дека нема начин да влијаат на реализирањето на наставните планови и програми. Заеднички став е дека не можат да имаат влијание на нешто што е законски пропишано од страна на Министерството за образование и наука.

Наставниците редовно учествуваат на обуки и семинари организирани од БРО и ЦСОО. Во училиштето постои процедура за следење и евидентирање на поминати обуки и семинари на професорите.

Во насока на јакнење на еколошката свест кај учениците функционира **ЕКО – одбор** во училиштето со своја годишна програма за работа, а наставниците внесуваат еко содржини во своите наставни планови .

1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Прегледани документи

- ✓ Наставни планови и програми
- ✓ Дневни оперативни подготовки
- ✓ Уверенија за посета на семинари
- ✓ Портфолија на наставници
- ✓ Тематски планирања
- ✓ Записници од активи на наставници
- ✓ Записници од родителски средби
- ✓ Записници од наставнички совети
- ✓ Годишни извештаи за работата на училиштето

Собрани податоци

Наставниците најчесто самостојно ги изработуваат плановите на работа следејќи ги наставните планови и програми добиени од Бирото за развој на образованието (БРО) и Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО). Дополнителни насоки во планирањето и осовременувањето на наставните планови и програми наставниците добиваат преку учество на семинари, работилници, проекти, советувања, поддршка од страна на стручниот актив по соодветните предмети и струки.

Сепак, секој наставник се труди да го прилагоди Наставниот план и програма, според контекстот во кој го реализира (просторни услови, инвентар, број на ученици во паралелката, интерес, иницијативност и вклученост на учениците и сл.). За таа цел, наставникот, меѓу другото, се потпира на упатствата и поддршката од страна на стручната служба во училиштето (педагог, психолог, социолог) што се гледа од одговорите добиени од анкетниот прашалник, како и од усните интервјуа со репрезентативен дел од наставничката популација одбран по случаен избор. Поддршката се дава во форма на упатства и помош при изготвувањето на годишните и тематските планирања, дневните подготовки за наставен час, дополнителната и додатната програма, програмата за воннаставни активности кои се поврзани со наставните содржини, програмата за соработка со родителите и сл.

И наставниците и членовите на стручната служба се согласија дека би можела да се унапреди поддршката за изработка на планирањата за мултиетничкото интегрирано образование (МИО) и неговата корелација со реализацијата на Наставните планови и програми. Засега секој од наставниците по свое видување внесува МИО онаму кај што ке проценат дека програмата тоа го дозволува.

Општиот впечаток е дека наставниците се чувствуваат прилично ограничени во можностите за самоодредување на наставните содржини, бидејќи тие се зададени од МОН и БРО. Сепак несомнено е дека е потребна поголема мотивација и креативен набој при реализацијата на содржините, особено со користење на нови пристапи кои ги следат општествените промени на кои е изложено и образованието. **„Мултиетничкото интегрирано образование“** како концепт кој треба да има свој придонес во градењето на општествената кохезија и инклузивното општество исто така би требало да се приоретизира и да се постави на неколку нивоа погоре.

Учениците се преоптоварени со регуларните часови (седми, понекогаш и осми час), па останувањето подоцна на училиште со цел да се реализираат заеднички интегрирани пристапи во наставата е отежнато. Сепак ова не е целосна пречка. Наставниците си помагаат меѓусебно при реализацијата на градивото преку лични разговори, советувања, делење стручна литература, помош во изработката на подготовките итн.

Наставните планови и програми (особено од општествено-хуманистичките предмети и јазиците), предвидуваат реализација на содржини поврзани со родови прашања, етницитет, дискриминација, предрасуди и стереотипи, разни форми на општествена интеракција како: соработка, натпревар, конфликт. Наставните програми по психологија, социологија, етика и граѓанско образование опфаќаат прашања за причините за настанување конфликти, начини на превенција, разрешување на конфликтите и сл. По предметот филозофија, етика, педагогија, психологија и граѓанско образование се говори и за градењето самодоверба, а социологијата, како и граѓанското образование и историјата се занимаваат со прашањето за моќта, власта, авторитетот и во тој контекст со раководењето. Сите горенаведени прашања се предвидени во Наставните планови и програми и по македонски јазик и литература, како и странските јазици. Личниот и општествениот развој се аспекти кои наставните програми на некои предмети ги земаат во предвид, но наставниците по природни и математички науки (кои го немаат ова како прашање за реализација во наставата), работат на личниот и општествениот развој на учениците преку ангажираноста со личниот пример (во однесувањето и дејствувањето), преку отвореноста за разговори поврзани со прашања од оваа област за кои учениците им се обраќаат, преку ангажирањето во класното раководство, соработката со родителите итн.

Болестите на зависност, грижата за репродуктивното здравје на младите (ХИВ/СИДА и останатите сексуално преносливи инфекции), прашањата за

родовите улоги и борбата за еднаквост и општествена рамноправност повторно се теми кои се предвидени за обработка претежно во наставните планови и програми кај општествено-хуманистичките науки и јазиците, но свој придонес овде даваат и природните науки како: биологија, хемија, физиологија, анатомија итн. Сепак овде многу поголема е заслугата за воннаставните активности на училиштето за кои ќе стане збор подолу. Горенаведените теми се предвидени и како активности во годишната програма за работата на педагогот, психологот, социологот, а дел од нив имаат и реализација во текот на годината. Се чини дека реализацијата на ваквите предвидени активности може да се подобри во насока на поголема практичност (работилници, дискусии и дебати, интерактивни предавања, иницијативи од ученици и сл), наспроти претежно застапеното едуцирање преку просто, фронтално пренесување знаења во форма на предавања на класен час или специјално подготвени предавања за таа намена.

Училиштето реализира и настава за други општествени прашања, како: човековите права, слободи и одговорности, идеологијата, социјалните движења, општествените промени, глобализацијата, власта и владеењето, сиромаштијата, општествената исклученост, малолетничката деликвенција и други општествени патологии, еколошките прашања, одржливиот развој, популационата политика итн. Сите овие се дел од Наставните планови и програми од општествените науки и јазиците, но се провлекуваат и како теми во уметничките наставни предмети (музичко и ликовно образование). Свој удел во еко темите како и одржливиот развој имаат биологијата, и

хемијата. Дел од овие прашања се предмет и на додатната настава на општествено-хуманистичките науки, а најмногу во социологијата, историјата и граѓанското образование. Поука за еколошки прашања училиштето испраќа и со редовните еко акции кои се спроведуваат најчесто преку воннаставни активности.

Главно, современа настава се реализира со помош на компјутерската опрема која училиштето ја поседува, преку учество во разни воннаставни активнсти, активна практиканска работа на учениците во реални компании. Учениците се вклучени во проектни активности, истражувачки задачи и работилници по различни наставни предмети преку кои кај нив се развива чувство за тимска работа, меѓусебна соработка и преземање иницијатива за разрешување на проблемски ситуации. Наставните програми овозможуваат кај учениците да се поттикне свеста и критичкото мислење, истражувачкиот дух и креативност. Во постоечката корелација во наставата учениците согледуваат и применуваат знаења од еден предмет во друг, каде истотака при наставата се користат различни методи, техники и форми.

Тимот спроведе анкета на 32 вработени професори во нашето училиште ,а резултатите по одделни прашања се дадени во продолжение.

93% од наставниците сметаат дека постои утврдена процедура за следење на планирањата на наставниците од страна на директорот и стручната служба.

100% од наставниците целосно и навремено ги информираат учениците за наставните планови и програми по предметите што ги предаваат.

90% од наставниците сметаат дека годишните, тематските и дневните планирања ги содржат сите неопходни елементи за успешна подготовка за реализација на наставата.

62% од наставниците се изјасниле дека вршат консултации по стручните активи и активите по години при изработката на годишни тематски и дневни подготовки..

65% од наставниците сметаат дека наставните планови и програми се прилагодени на возраста и способностите на учениците.

56% од наставниците одговориле дека имаат соработка со колеги во насока на унапредување на интегрираното учење.

15% од наставниците се изјасниле дека нивниот стручен актив досега има покренато иницијатива до БРО и ЦСОО за измени и дополнувања на некој наставен план и програма.

25% од наставниците биле вклучени во процеси на изготвување на наставни планови и програми

46% од наставниците сметаат дека наставните планови и програми(во стручното образование) се прилагодени на пазарот на трудот.

56% од наставниците сметаат дека постоечките наставни планови и програми нудат добра подготовка за старт во високото образование.

40% од наставниците се изјасниле дека учебниците (понудени од БРО) се соодветни јасни и корисни за реализирање на наставните програми.

15% од наставниците биле вклучени во процес на изработка на учебник за потребите на постоечките наставни програми.

Сумираните резултати наговестуваат дека има потреба од извесни промени во наставните планови и програми т.е нивно осовременување, проблематика за која се надлежни МОН, БРО и ЦСОО, меѓутоа и дека треба да се зголеми подршката за стручните активи од страна на раководството на училиштето, БРО и ЦСОО за покренување на иницијативи за измени и дополнување на НПП.

Тимот спроведе анкета на 52 ученици во нашето училиште ,а резултатите по одделни прашања се дадени во продолжение.

57% од учениците се запознаени со наставните планови и програми по предметите што ги изучуваат.

67% од учениците сметаат дека наставните планови и програми се усогласени со нивната возраст и способност.

75% ученици сметаат дека неделниот фонд на часови по предмети ги задоволува потребите за квалитетно реализирање на наставната програма.

50% од учениците сметаат дека наставните планови и програми се прилагодени на потребите на пазарот на трудот.

42% од учениците сметаат дека кај некои предмети треба да се направи целосна промена во наставниот план и програма.

28% од учениците се задоволни со техничката подршка и опрема на училиштето.

42% од учениците смеаат дека во училиштето се организираат доволно предавања од областа на сексуалното образование, за болести на зависност, подигање на свеста за зачувување на сопственото здравје, еко свест и сл.

65% од учениците се задоволни од начинот на изведување на практичната настава (во стручно).

50% од учениците се изјасниле дека формите и методите за работа што ги користат наставниците даваат простор за нивно истакнување и овозможуваат развој на нивните способности.

52% од учениците сметаат дека секој еден ученик има подеднаква можност за учество во воннаставните активности што ги реализира училиштето.

54% од учениците добро се чуствуваат во училишната средина.

Од спроведената анкета на учениците и добиените резултати се гледа дека

има потреба во подобрување на опремата и техничката опременост за спроведување на наставата. Кај некои предмети е потребна промена во програмата, а исто така поголема транспарентност и активност на учениците во воннаставните активности.Од оваа учебна година започна и спроведување на наставата во стручното образование по кабинети со што е потребна нивна опременост со наставни средства.

1.3 Воннаставни активности

Прегледани документи

- ✓ Годишна програма за работа на училиштето
- ✓ Годишен извештај за работата на училиштето
- ✓ Програми за дополнителна и додатна настава и други воннаставни активности
- ✓ Педагошка евиденција и документација; дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и

Собрани податоци

Училиштето планира и ги реализира воннаставни активности кои се одраз на интересите и потребите на учениците но и се во корелација со наставните предмети како и слободните часови и проектните активности во рамките на училиштето.

Училиштето овозможува најголем број на ученици да бидат вклучени во воннаставни активности во зависност од нивните желби и можности не исклучувајки ги притоа учениците со посебни потреби и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социо-економски статус или од различен етникум.

Учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор, но дел од воннаставните активности се со согласност и од родителите како на пример Меѓуетничка интеграција во образованието.

натпревари

- ✓ Извештаи од учество на натпревари

Учениците со посебни потреби се вклучени воглавно во еко акции и активности од областа на хортикултурното уредување.

Учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор и тие имаат водечка улога при изготвувањето на воннаставните активности, а наставниците ја имаат советодавната координативна улога.

Интеграција на медиумската писменост во наставниот процес

- **Реализирани активности:** Во училиштето веќе е успешно реализирана **работилница за медиумска писменост**, каде дел од учениците имаа можност да следат предавања и да учествуваат во активности организирани во соработка со Бирото за развој на образованието (БРО).
- **Иницијатива од наставниот кадар:** Врз основа на интересот и потребите на учениците, кај наставниците постои **силно размислување и предлог** овие содржини да не останат само на ниво на повремени работилници.
- **Институционално вметнување:** Предлогот на наставниците е содржините за медиумска писменост системски да се вметнат во наставните програми по соодветните предмети, како што е **социологија** и други сродни дисциплини. Целта на оваа иницијатива е да се обезбеди соодветна едукација и критичко размислување за **сите ученици**, а не само за оние вклучени во воннаставните активности.

Учениците, со помош и поддршка од училиштето и наставниците, учествуваат во различни манифестации и се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално и национално ниво. Реализацијата на овие активности се одвива во соработка со локалната самоуправа, невладини организации, Црвен крст Свети Николе, ППД Св. Николе, Меѓународен Славјански Универзитет Свети Николе, Дом на културата Крсте Петков Мисирков во Свети Николе.

Според извештајот на годишната работа на училиштето беа изреализирани следниве воннаставни активности:

1. *СОУ Кочо Рацин - Свети Николе , професионална ориентација , заедничка родителска средба со родителите и учениците во општинските основни училишта од општина Свети Николе и општина Лозово,*

2. *Настан под мотото „Новогодишно дарување насмевки" , новогодишна работилница, заедно со учениците од ООУ „Гоце Делчев", ООУ „Даме Груев", ООУ „Св Кирил и Методиј " и на сите фирми во кои нашите ученици следат Учење преку работа кај работодавач,*

3 *„Промоција на безбедна училишна средина”*

4. *Настанот се реализираше на 23 Мај 2025 во СОУ „Кочо Рацин” Свети Николе под мотото: „Биди внимателен- биди одговорен!” Заедно градиме побезбедна сообраќајна култура!*

5. *Проектот „КА121 ВЕТ - Акредитирани проекти за мобилност на ученици и вработени/кадар во стручно образование и обука“, од програмата Еразмус+ практична обука на 8 наставници во Сомбор, Р. Србија.*

6.*Турнири во кошарка*

7. *Green fork-Slovakia*

8. *На настанот за сообраќајна култура учество земаа 38 ученика (6-девојчиња и 32 момчиња)*

9. *Работилници против дискриминација во соработка со ОЖО Свети Николе*

10. *Еко активности во склоп на проектните активности*

11. *Континуирано учество во Крводарителски акции организирани од Црвен Крст Свети Николе*

12. *Континуирано учество во ликовни изложи организирани во рамките на Домот на културата во Свети Николе*

13. *Учество во работилници од областа на психологијата*

14. *Од програмата Еразмус+ преку фондација Агро-центар за едукација во 2024 година 10 ученика и 5 наставници во Португалија.*

15. *Од програмата Еразмус+ преку фондација Агро-центар за едукација во 2025 година 20 ученика и 3 придружни лица на мобилност во Грција.*

Од горенаведените активности евидентно е дека училиштето остварува активна соработка со невладиниот сектор,други образовни институции како и со органите на МВР како и со локалната самоуправа. Со дел од овие организации како Меѓународен Славјански Универзитет -Свети Николе, ОЖО Свети Николе и Дом на културата „Крсте Петков Мисирков“, училишето има потпишано меморандум за соработка.

Како резултат на воннаставните активности во училиштето се организираат училишни натпревари и преку нив се прави селекција на ученици за учество на општински, регионални натпревари како и натпревари од државен карактер. Нашите ученици имаат земено учество и на меѓународни натпревари. Резултатите од натпреварите и учеството на наставниот кадар и учениците редовно се објавуваат во годишниот извештај за работа на училиштето.

Во рамките на воннаставните активности училиштето се почесто ги користи придобивките од ERASMUS+програмата. Се повеке ученици од училиштето се вклучуваат во ERASMUS+ програмата и земаат учество во реализирање на нејзини проекти во европските земји.Се реализираа и други проекти во кој земаа учество дел од наставниот кадар и учениците.Имињата на учесниците се наведени во годишните извештаи на училиштето.

Име на обуката/ проектот	Период на реализација	Краток опис
Модуларна настава и планирање	02. до 04.10. 2023 год.	Практично упатство за изработка на модуларни наставни програми за 4-годишното техничко образование
Дигитализација во образованието	07.06.2024 год.	Дигитални вештини во функција на наставата (при следење на учениците , во решавање проблемски ситуации , во истражувачки активности и сл.) Зајакнување на дигиталните вештини
Начини на превенција и справување со насилство во училиштата	14.12.2024 год.	Превенција и спречување на насилството во училиштето Намалување на насилството помеѓу учениците
Медиумска писменост Колорадо САД	Септември – Ноември 2023	Медиуска писменост на учениците
Учење преку неформално образование Балви Латвија	06.08.-11.08	Дефинирање принципи на неформално образование и презентирање добри практики

Селфи за наставници	19.04.2024 05.05.2024	Подобрување на дигиталните вештини кај наставниците
Обука за оценување на тестови од Државна матура		2 наставника по Македонски јазик и литература
Водич за обучувачи – Развивање на вештини за медиумска писменост	27.10.2023 Скопје	Учество во презентација на водичот
Медиумската писменост во добата на вештачката интелигенција	29.02.2024 Скопје	Проширување на можностите на возможното
Тренинг за градење мир и мировно образование Меѓаши	06.- 09.03.2024 Охрид	Стекнување вештини за градење мир и мировно образование
Промоција на културата за обезбедување на квалитет и европска рамка за обезбедување на квалитет во стручното образование и обука – EQAVET-	28.11.2023 Кавадарци	Унапредување на образовниот процес

даватели на СОО		
Дидактички материјали во наставата	14-15.11.2023 Скопје	Унапредување на образовниот процес
Медиумска писменост	21-22.11.2023 Скопје	Медиумите и образовниот преоцес
Обука за вински експерт – МАСОМ ниво 2	Октомври 2023 Скопје	Стектување на компетенции за квалитетот на винаата
Програмирање и планирање на учењето преку работа кај работодавач	04.04.2024	Помош при изготвување на програма и план
Работа со млади на телесни теми Erasmus +	10.-12.05.2024 Скопје 17.-19.05.2024 Скопје	Превенција на булингот помеѓу учениците и младите иницран од телесните карактеристики на поединецот
Унапредување на менталното здравје на адолесцентите	18.-19.04. 2024 Штип	Унапредување и подобрување на образовно – воспитниот процес

Зелена вилушка	Октомври 2023 Словачка	Обука за подготовка на здрава храна и намалување на отпад
Приказни што се важни	22.-30.05.2024 Ески Шекир Турција	Младите и волонтерството
Да се шири светлината	15.-19.01.2024 Каламата Грција	
Стоп за саибер булинг	23.-31.05.2024 Италија	

Име на обуката/проектот	Период на реализација	Краток опис
Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство – примери на добри пракси	17.12.2024	Еду Лаб Обука за препознавање на видови насилство
Didattica della lingua	21.02.2025 и 22.02.2025	Дидактика на

italiana attraverso l`approccio del Linguistic Landscape: aspetti teorici e applicativi, организирана од Катедрата за италијански јазик и литература при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, со поддршка на Амбасадата на Италија и l’Università per Stranieri di Siena,		италијанскиот јазик преку пристапот на лингвистичкиот пејсаж, теориски и практични примени
Da tecniche a (glotto)tecnologie: strumenti 'vecchi', 'nuovi' e 'rigenerati' per la didattica dell'italiano come lingua straniera, организирана од „Здружение на професори по италијански јазик	25.02.2025 и 27.02.2025	Нови техники и инструменти во изучувањето на италијанскиот јазик како странски јазик
Tecnologia e inovazione per l’insegnamento	12.03.2025	Технологија и иновации во изучувањето на

dell'italiano L2/LS, организирана од Scuola di italiano Mondavio		италијанскиот јазик како странски јазик
"Be green, let's clean", во Њиреѓхаза, Унгарија	09 – 15.06.2025	Учество во Еразмус проект за подигање на еколошката свест
Дигитален курс ,, Превенција и заштита од насилство" -Еду Лаб портал, проект ,,Промоција на безбедна училишна средина",	29.3.2025 17.12. 2024 11.05. 2025	
Дигитален курс ,, Законски обврски,стратегии и примери на добри пракси за заштита и учество на учениците" -Еду Лаб портал, проект ,,Промоција на безбедна училишна средина"	11.12.2024	

,,Емоционална интелегенција и емпатија”, Светски Институт за менаџмент, претседател Марина Стефковска	16.12.2024	
Справување со врсничко насилство и кибернасилство”,МОН и БРО	ноември 2024	
ISEC-ADE FINAL INTERNATIONAL CONFERENCE, ,,Accessible and Quality Digital Education for Autism and Intellectual Disabilities”, programme committee Ivana Vasilevska Petrovska	16.11.2024	
Project “HIATUS	22.11.2024	Целта на проектот ХИАТУС е да се намали

		се поширокиот јаз (хиатус) кој постои помеѓу знаењето кое учениците од средните училишта го стекнуваат во училиштето и нивните техничко професионални компетенции кои се потребни во работната средина.
“VERMICOMPOSTING: The Future of Sustainable Agriculture and Organic Waste Management in Europe”	22.11.2024	Обука за вермикомпостот, што е и како се одвива самиот процес.
Стекнати знаења на ЕдуЛаб – дигитален курс ,,Превенција и заштита од насилство“	02.04.2025	Превенција и заштита од насилство, видови на насилство, како да го препознаеме.
Применети знаења на ЕдуЛаб – дигитален курс	16.05.2025	Превенција и заштита од насилство, видови на

,,Превенција и заштита од насилство“		насилство, како да го препознаеме.
SELFIE forTEACHERS	13.11. 2024	алатка за самооценување базирана на Европската рамка за дигитална компетенција на едукаторите, како дел од групата "North MacedoniaETF-JRC Spring 2024"
Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинилизирани групи	27.08.2024	ГОПА / МОН / БРО
EMPOWERING REFUGEES FUTURE	25.06- 04.07.2025	Еразмус
Стекнати знаења Примена на ИКТ алатките во секојдневната настава (основно ниво) ЕдуЛаб	25.03.2025	Овој напреден дигитален курс ги обучува едукаторите за примена на современи ИКТ алатки и вештачка интелигенција во наставата, со цел

		создавање интерактивна и мотивирачка средина за учење. Преку пет модули се овозможува развој на практични вештини за креирање иновативни и мултимедијални наставни активности.
Применети знаења Примена на ИКТ алатките во секојдневната настава (основно ниво) (напредно ниво) ЕдуЛаб	04.2025 25.03.2025	Овој напреден дигитален курс ги обучува едукаторите за примена на современи ИКТ алатки и вештачка интелигенција во наставата, со цел создавање интерактивна и мотивирачка средина за учење. Преку пет модули се овозможува развој на практични вештини за креирање иновативни и мултимедијални наставни активности.

Дизајнерско размислување за решавање предизвици во училиштата СМАРТ –АП Лабораторија за социјални иновации Скопје		
Десиминација и стручна поддршка на вештини и знаења за оценувањето на тестовите од екстерниот дел од Државната матура	Мај 2025	
„Зелени вештини трета година СПУ “	5- 6.09. 2024	ЦСОО
Дигитална технологија во земјоделието	29. 06- 04.07 2025	Презентација на: наставниот план и програма за образовниот профил Земјоделси техничар за дигитална технологија,

		автоматизација во земјоделието, прецизно земјоделие, погонски единици во земјоделието, електронски калкулатор за трошоците во растителното и сточарското производство, софтверот и платформата за учење во компанијата Џон Дир и користењето на прецизното земјоделско производство, примена и обука за дронови во земјоделството за заштита на растенијата, примена и обука за навигацијата на тракторите и на приклучните машини
Ефикасна комуникација и	13-15. 08.2025	Енџој тим билдинг

вештини		Македонија
Современи концепти во средното образование- Новата улога на наставникот и новите стратегии и учење		ЦЕС Академија
Врсничко насилство		
Медиумска писменост		Колорадо САД
Стекнати знаења за користење на ИКТ алатки во наставата СМАРТ УП		
Применети знаења за користење на ИКТ алатки во наставата СМАРТ УП		
Примена на играта, приказните и бајките во јакнење на личноста на детето	01.10.2024	АС Анима –Психовелнес и Советувалиште
Ликот на давателите на	06.11.2024	АС Анима –Психовелнес

услуги во градинките и училиштата		и Советувалиште
Начини на превенција и справување со насилството во училиштата	12.2024	МОН и БРО
Подобрување на квалитетот на образованието	11-12.11. 2024	
Обединети за културна еднаквост	24.01.2025 - 31.01.2025	Erazmus+Youth Exchange
Архитекти на не-формалното образование	11.06.2025 - 16.06.2025	Erazmus+Training course

Подрачје 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

Резултати:

Клучни јаки страни

- ✓ Наставните планови и програми од МОН и БРО се реализираат според планот за реализација
- ✓ Училиштето предлага за содржини програмирани од училиштето (зелено земјоделство,еколошка одржливост и еколошки развој, агротуризам и др.)
- ✓ Училиштето ги следи потребите на бизнис секторот и во зависност од своите можности предлага нови образовни профили
- ✓ Училиштето учествува во Erazmus програмата преку добиено акредитација за стручно образование и обука до 2027 година
- ✓ НПП се достапни за наставниците, учениците и родителите.
- ✓ Учениците имаат целосна слобода за избор на програмски подрачја и проектни активности.
- ✓ Има наставници кои имаат изработено повеќе учебници во стручното образование (земјоделско-ветеринарната струка).
- ✓ Во нашите наставни планови по одредени предмети постојат тематски целини или наставни единици кои го помагаат личниот и општествениот развој на машките и женските ученици од различно етничко потекло
- ✓ Училиштето овозможува посета на семинари и спроведува дисеминација.
- ✓ Во воннаставните активности учениците земаат активно учество без разлика на пол, верска и национална припадност, се пронаоѓаат себе си како личности со нови афинитети од разни области, несебично се докажуваат преку своите знаења како теоретски така и практични, афирмирајки ја индивидуалната, а исто така

и колективната моќ на заедницата во училштето

- ✓ Постои инклузивна клима која придонесува воспитно-образовниот процес да се одвива во целост за учениците со посебни образовни потреби.

Клучни слаби страни

- ✓ Немање на целосно адаптирани услови за реализирање на програмите по образовно работна практика и УПРР (прилагодување во распоред и ментори од компании).
- ✓ Непостоење на мотивација за покренување на иницијативи за измени и дополнувања во постоечките НПП
- ✓ Недоволна застапеност на интегрираното учење во наставата.
- ✓ Училиштето нема дефектолог со кој би се подобрил квалитетот на настава кај ученици со посебни потреби.
- ✓ Недоволно услови за реализација на наставата по спорт и спортски активности.
- ✓ Недоволен број на работилници,дебати,интерактивни предавања на тема превенција од дрога и други зависности, трговија со луге како и други актуелни теми што се од интерес на младите.

Подрачје: НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

Анализа на резултатите:

Училиштето во целост ги реализира наставните планови и програми во гимназиското образование. Стручното образование за застапените струки, сектори, односно профили и квалификации кај нас наидува на одредени проблеми при реализацијата на програмата по образовно работна практика. Сите наставници ги предаваат своите наставни планови и програми во пропишаниот временски рок. Педагошката евиденција и докумументација се ажурира во согласност со законските и нормативни акти, како и согласно календарот за работа излезен во сл.весник.

Училиштето изготвува акти кои допринесуваат за реализација на основната дејност (воспитно – образовна), но и акти кои треба да ја подобрат работата во целост (инструменти за следење на наставата, анкетни листови и сл).

Во годишната програма во подрачјето соработка со локалната средина програмски ги прилагодуваме наставните содржини за општествено корисна работа, како и за манифестации кои се оранизирани за одбележување на историски и културни манифестации.

Наставниците добиваат подршка за подобрување и осовременување на наставните планови и програми, преку семинари, проекти, работилници, советувања–интерни и организирани од БРО. БРО дава подршка на наставниците и преку изготвени предлог програми и подготовки за час. Компјутерската опрема кое училиштето ја поседува помага при реализацијата на осовремените текови во наставата.

Интегративен пристап кон содржините на повеќе наставни предмети постои, но тоа се случува главно индивидуално, бидејќи нема поконкретна соработка мегу наставниците кои предаваат различни предмети. Најчесто наставниците ја наведуваат корелацијата во планирањето но директна соработка изостанува.

Суминарите резултати од спроведената анкета наговестуваат дека има потреба од извесни промени во наставните планови и програми т.е нивно осовременување, проблематика за која се надлежни МОН, БРО и ЦСОО, меѓутоа и дека треба да се зголеми подршката за стручните активи од страна на раководството на училиштето, БРО и ЦСОО за

покренување на иницијативи за измени и дополнување на НПП.

Воннаставните активности во училиштето се взаемно поврзани со училишните, регионалните и државните натпревари, бидејќи истите му овозможуваат на ученикот побрзо да напредува и се усовршува во одредени области. Овие активности се особено значајни и за подготвувањето на различни училишни манифестации кадешто учествуваат голем број на ученици.

Иако локалната самоуправа е таа што дозволува егзистирање на одредени наставни профили и квалификации и воведување на нови, сепак крајниот збор за функционирањето на наставните профили го има МОН кое често пати не се согласува со барањата на училиштето и локалната самоуправа.

Приоритетни потподрачја

- ✓ *Јакнање на соработката со бизнис секторот и аплицирање на проекти за обезбедување услови за целосно реализирање на програмите од образовно работната практика*
- ✓ *Покренување на иницијативи за измена и дополнување на наставните планови и програми упатени до БРО и ЦСОО*
- ✓ *Изработка и аплицирање со проекти во насока на обезбедување на простор за реализирање на наставните планови и програми за спорт и спортски активности*
- ✓ *Унапредување на интегрираното учење во наставата*

Потпис на членовите на комисијата:

1. Ристе Панев _____

2. Елена Сарафиновска _____

3. Оливер Петрушев _____

4. Александар Трајчев _____

5. Роберт Ѓоргиев _____

6. Ивица Митрушов _____

ПОДРАЧЈЕ БР. 2: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

Бр.	**Индикатор за квалитет**	**Теми**
2.1.	**Постигања на учениците**	• Следење на постигањата на учениците во наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди • Подобрување на постигањата на учениците • Детектирање и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби • Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава • Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците
2.2.	**Задржување/намалување на бројот (осипување) на ученици**	• Опфат на учениците • Редовност во наставата • Намалување на бројот (осипување) на ученици
2.3.	**Повторување на учениците**	• Ученици кои не ја завршуваат годината/образованието

Подрачје 2: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

2.1 Постигање на учениците

Прегледани документи

- ✓ Портфолија на наставниците
- ✓ Записници од состаноците на стручните активи;
- ✓ Акциони планови на стручни активи;
- ✓ Извештаи за реализирани обуки;
- ✓ Годишен извештај за воспитно образовната работа на училиштето 2023/24 и 2024/25 година
- ✓ Годишни, тематски и дневни подготовки
- ✓ Записници од стручни активи

Собрани податоци

Во училиштето се врши континуирано следење на постигањата на учениците во текот на наставниот процес, по сите наставни предмети во текот на целата учебна година, и по пол и етничка припадност и тоа по класификациони периоди.

90% од наставниците имаат посетено обуки за оценување на учениците реализирани од страна на БРО. Тие вршат континуирано следење и евидентирање на постигнувањата и развојот на знаењата, на практичните вештини и умеења на учениците.

За тоа користат различни наставни методи, форми техники на работа.

Оценувањето на учениците се врши согласно законските прописи: нумерички оцени и описни оцени за реализирање на одредена проектна активност и слободни часови на училиштето.

Наставниците користат различни форми на оценување во кои применуваат инструменти како што се неформални тестови на знаења, наставни листови, чек листи, усни и писмени повратни информации, изработени проекти за напредокот на учениците.

Наставниците водат портфолија за постигањата и напредокот на учениците и истите им се достапни на родителите и учениците.

- ✓ Пополнети инструменти од посетени часови
- ✓ Водење на педагошка евиденција
- ✓ Програма за работа на стручните соработници
- ✓ Електронски дневник
- ✓ Анкета со педагошката служба
- ✓ Анкета со наставници
- ✓ Анкета со родители
- ✓ Анкета со ученици

Следењето и оценувањето на учениците се врши јавно, во кој се вклучени и учениците, користејќи стандарди за оценување пропишани од страна на БРО за секој наставен предмет.

Училиштето нуди информирање на родителите за постигнувањата на учениците преку отворени денови за родителите секој прв понеделник во месецот, каде родителите имаат можност да разговараат со сите предметни наставници, како и онлајн родителски средби.

Евидентните листови на учениците се доставуваат на родителите на родителските средби по завршувањето на секој класификационен период, како и секојдневно информирање на родителите преку електронски дневник.

Училиштето врши интерна споредба на постигањата на учениците по одредени предмети во различни паралелки, по наставни предмети од една учебна година во друга преку анализите и извештаите од тестовите на наставниците и забележаниот успех .

Наставниците изработуваат тестови според Блумовата таксономија и 90% од наставниците вршат анализа на тестовите и користат инструменти како чек листа или друга пишана информација за известување на напредокот.

При формативните проверки ги одредуваат слабостите и позитивните делови од темите.

Сите наставници применуваат тематски тестови за следење на постигањата.

Наставниците применуваат саморефлексија на наставните содржини и единици.

Училиштето организира задолжителни слободни активности за сите заинтересирани ученици .

Активностите и постигањата на учениците се промовираат преку: училишни, регионални и државни натпревари, распишани конкурси на локално и државно ниво и во овој дел училиштето има остварено видливи резултати.

Постои одлична соработка со локалната заедница каде се организираат тематски трибини, работилници, часови, манифестации, обуки.

Училиштето има можност да го спореди успехот на учениците при премин од едно до друго образовно ниво во училиштето, но не врши следење и споредба на постигањата на учениците кои поминуваат во друг вид средно образование и високо образование.

Од анализа на постигањата на учениците е констатирано следново:

Вид на образование

Учебна година	**2023/24**	**2024/25**
Гимназиско образование	4,31	4,36
Стручно образование **Земјоделско ветеринарна струка**: **Сектор: Земјоделство, рибарство и ветеринарство** - техничар по ветеринарна медицина -техничар за агроменаџмент -агротехничар **Хемиско технолошка струка:** -прехранбен техничар	3,40 3,92 3.70 3,70 3,20	4,23 4.06 3.61 3.61 3,48
Машинска струка: **Сектор машинство** **-** машински техничар за моторни возила	3,28	3,24

Средниот успех по струки е најголем во гимназиско образование, а најмал во машинската струка, машински техничар за моторни возила . Средниот успех на ниво на училиште бележи зголемување.

Од извршената анализа на успехот **за учебната 2023/24 година**,

гимназиското образование:

- прва година среден успех 4,3; втора година среден успех 4,3 ; трета година среден успех 4,1; четврта година среден успех 4,4.

во стручното образование :

во ветеринарна струка

- прва година среден успех 4,7; втора година среден успех 3,4 ; трета година среден успех 3,3; четврта година среден успех 3,9.

во земјоделска струка

- прва година среден успех 3,6; втора година среден успех 3,1 ; трета година среден успех 2,9; четврта година среден успех 4,4.

во машинска струка

- прва година среден успех 3,5; втора година среден успех 3,3; трета година среден успех 3,1; четврта година среден успех 3,4.

во прехранбена струка

прва година среден успех 2,9; втора година среден успех 2,7; трета година среден успех 3,4.

Утврдено е :

во гимназиско образование има :

Вкупно ученици	Машки 82	Женски 122	Одлични 105	Мн.добри 74	Добри 25	Доволни 0
204	40,2%	59,80%	51,47%	36,27%	12,26%	/

Најмногу има одлични ученици, и се води евиденција на постигнатиот успех по пол .

По етничка припадност:

Вкупно ученици	Македонци	Турци	Роми	Власи
204	192	3	8	1

во стручното образование има:

Вкупно ученици	Машки 103	Женски 55	Одлични 43	Мн.добри 31	Добри 54	Доволни 30
158	65,18%	34,82%	27,21%	19,62%	34,17%	18.99%

- По етничка припадност:

Вкупно ученици	Македонци	Турци	Власи	Роми
158	153	3	1	1

Се води анализа на постигањата на учениците по етничка припадност

Постигнувања по струки во стручно образование 2023/24 година :

Струка	м %	ж %	Одлични%	Многу добри%	Добри %	Доволни%
Техничар по ветеринарна медицина	69	31	39	14	44	3
Техничар за агроменаџмент	53	47	28	19	41	13
Агротехничар	53	47	28	19	41	13
Прехранбен техничар	41	59	13	19	50	19
Машински техничар за моторни возила	95	5	10	24	62	5

Во учебната 2023/24 година

- Успехот на учениците е најдобар во гимназиското образование, кој изнесува **4,31.**
- Во стручното образование највисок е средниот успех кај техничар по ветеринарна медицина **3,92**, а најмал кај прехранбен техничар **3,20.**

Во училиштето се врши анализа и за постигнатиот успех по пол и етничка структура, освен вкупниот среден успех во паралелките. Утврдено е :

во гимназиско образование има:

Вкупно ученици	Машки 80	Женски 108	Одлични 100	Многу добри 68	Добри 20	Доволни /
188	42,55 %	57,45%	53,19%	36,17%	10,64 %	/

По етничка припадност:

Вкупно ученици	Македонци	Турци	Власи	Роми
188	182	2	/	4

во стручното образование има

Вкупно ученици	Машки 94	Женски 61	Одлични 28	Многу добри 46	Добри 49	Доволни 37	Повтор у-вачи
155	60,65%	39,35%	18,06%	29,68%	31,61 %	23,87%	/

Постигнувања по струки во стручно образование **учебна 2024/25 година:**

Струка	м %	ж %	Одлични %	Многу добри%	Добри %	Доволни %	Повторувачи%
Техничар по ветеринарна медицина	70	30	36	33	31	/	/
Техничар за агроменаџмент	51	49	22	33	36	9	/
Агротехничар	51	49	22	33	36	9	/
Прехранбен техничар	35	65/	9	57	30	4	/
Машински техничар за моторни возила	93	7	7	24	58	2	

По етничка припадност:

Вкупно ученици	Македонци	Турци	Власи	Роми
155	150	2	1	2

Од извршената анализа на успехот **за учебната 2024/25 година**,

гимназиското образование:

- прва година среден успех 4,50; втора година среден успех 4,36 ; трета година среден успех 4,16 , четврта година среден успех 4,52.

во стручното образование :

<u>во ветеринарна струка</u>

- прва година среден успех 3,84; втора година среден успех 4,63 ; трета година среден успех 4,26, четврта година среден успех 3,74.

<u>во земјоделска струка</u>

- прва година среден успех 3,27; втора година среден успех 3,82 ; трета година среден успех 3,96; четврта година среден успех 2,85.

<u>во машинска струка</u>

- прва година среден успех 2,85; втора година среден успех 3,24; трета година среден успех 3,58, четврта година среден успех 3,32.

<u>во прехранбена струка</u>

- втора година среден успех 3,77; трета година среден успех 3,06; четврта година среден успех 4,09.

Во училиштето се пресметуваат по пол и етничка структура постигнувањата на учениците и нивните изостаноци.

Споредбена анализа по три предмети Македонски јазик и литература, Англиски јазик и Математика и нивниот среден успех во учебната 2024/25 година:

Средниот успех по предметот **Македонски јазик и литература** е најдобар во стручното образование , кај ветеринарен техничар и тоа во втора година, а најслаб во стручното образование во машински техничар за моторни возила и тоа во четврта година.

Македонски јазик и литература	**I**	**II**	**III**	**IV**	Среден успех
Гимназиско образование	4,19	3,77	3,53	3,82	**3,83**
Техничар по ветеринарна медицина	2,92	5,0	4,5	2,45	**3,72**
Техничар за агроменаџмент	2,57	2,57	3,33	2,29	**2,69**
Прехранбен техничар	/	/	3,40	3,17	**3,29**
Машински техничар за моторни возила	2,22	3,13	2,71	2,17	**2,56**

Средниот успех по предметот **Англиски јазик** е најдобар во стручното образование кај ветеринарен техничар и тоа во втора година, а најслаб во стручното образование во машински техничар за моторни возила и тоа во прва година, техничар за агроменаџмент во прва и втора година и прехранбен техничар во трета година.

Англиски јазик	**I**	**II**	**III**	**IV**	**Среден успех**
Гимназиско образование	3,05	3,93	3,98	3,58	3,64

Техничар по ветеринарна медицина	2,62	4,67	3,20	3,33	3,46
Техничар за агроменаџмент	2,0	2,00	2,93	2,57	2,38
Прехранбен техничар			2,00	2,52	2,26
Машински техничар за моторни возила	2,0	2,88	2,94	3,17	2,75

Средниот успех по предметот **Математика** е најдобар во гимназиското образование и тоа во втора и трета година, а најслаб во стручното образование во прехрамбен техничар и тоа во трета година.

Математика	I	II	III	IV	Среден успех
Гимназиско образование	3,64	3,73	3,73	3,60	**3,68**
Техничар по ветеринарна медицина	3,23	3,67	/	/	**3,45**
Техничар за агроменаџмент	2,19	2,19	/	/	**2,19**
Прехранбен техничар	/	/	2	2,82	**2,41**
Машински техничар за моторни возила	2,56	2,5	2,65	2,67	**2,60**

Учениците на крајот од четврта година полагаат матура и тоа завршиле:

Учебна 2023/24 година Државна матура		Вкупно	Училишна матура	Завршен испит	Без диплома	
Гимназиско	Стручно		Гимназиско	Стручно	редовни	вонредни
58	14	72	/	19	2	4
Учебна 2024/25 година Државна матура		Вкупно	Училишна матура	Завршен испит	Без диплома	
Гимназиско	Стручно		Гимназиско	Стручно	редовни	вонредни
50	28	78	1	21	1	2

Во учебната **2023/24 година** , 2 редовни и 4 вонредни ученици не положиле матура, а во учебната **2024 / 25** , 1 редовен и 2 вонредни ученика не положиле матура.

Стручната служба и класните раководители разговараат со учениците и родителите кои постигнуваат послаби резултати и кај тие ученици постојано се следи нивниот напредок.

Се информираат и наставниците кои се запознаваат со потешкотиите со кои се соочува ученикот за да се обрне поголемо внимание кое ќе доведе до поефикасно следење и совладување на наставата .

- ✓ Анкета со педагошката служба
- ✓ Анкета со наставници
- ✓ Анкета со родители
- ✓ Анкета со ученици

Учениците кои освоиле награди на републичките натпревари се наградуваат на Патрониот празник на училиштето или на **верскиот празник Свети Никола - патрон на градот.**

Училиштето посветува посебно внимание на талентираните поединци преку дефинирана **Програма за работа со надарени и талентирани ученици**, која овозможува поттикнување на нивните потенцијали и креативност. Идентификацијата на овие ученици се врши систематски од страна на **предметните наставници**, кои преку континуирано следење на резултатите, интересите и посебните вештини на часовите, ги препознаваат оние кои покажуваат натпросечни постигнувања.

Врз основа на оваа препознавање, за надарените ученици се организира **додатна настава**, се подготвуваат проширени наставни содржини и им се овозможува учество во истражувачки проекти и натпревари. Овој пристап гарантира дека нивниот талент ќе биде соодветно насочен и дополнително развиен во рамките на образовниот процес.

Добиени резултати од анкетите со стручна служба, наставници, родители и ученици:

1. Стручна служба: Системски увид и критичка анализа

Стручната служба нуди најдлабока анализа на образовниот процес и неговите недостатоци:

- **Задоволство од постигањата:** Изразуваат **ниско ниво на задоволство**. Како главни причини ги наведуваат обемните програми преполни со факти, слабите вештини за критичко размислување и неможноста на учениците да го применат наученото во пракса.
- **Дисциплина и редовност:** Сметаат дека редовноста е директно поврзана со успехот. Бараат **построга контрола** и подобрување на начинот на кој се заведува секое отсуство.
- **Демографски наоди:** Потврдуваат дека успехот систематски се следи. Забележано е дека **девојчињата имаат малку подобри резултати** од момчињата, додека кај девојчињата од ромска етничка припадност е евидентиран малку послаб успех.
- **Препораки:** Фокусот го стават на набавка на современи ИКТ средства и зголемување на интерактивните методи (дебати, проекти, истражувања) за да се поттикне интересот кај учениците.

2. Наставници: Педагошки пристап и мотивација

Наставниците го гледаат успехот низ призмата на секојдневната работа во училницата:

- **Различни ставови за успехот:** Поголемиот дел се задоволни, но посочуваат дека има „диспаритет“ — дел од учениците напредуваат континуирано, додека други се соочуваат со сериозни потешкотии и недостиг на мотивација.

- **Инклузивност:** Потврдуваат дека секој предметен наставник подготвува **индивидуални планови (ИОП)**, квизови и наставни листови за учениците со посебни потреби, процес кој е под постојан надзор на стручната служба.
- **Методологија:** Успехот го подобруваат преку дополнителна и додатна настава и анализа на тежинските нивоа на тестовите за да се усогласат критериумите за оценување меѓу различните класови.
- **Препораки:** Бараат поголем фонд на часови за одредени предмети и воведување на повеќе практични методи за подобри постигања.

3. Родители: Доверба и партнерство

Родителите се фокусирани на средината во која учат нивните деца и соработката со училиштето:

- **Високо задоволство:** Огромно мнозинство од родителите се многу задоволни од постигањата и сметаат дека училиштето нуди позитивна и безбедна средина.
- **Перцепција за разликите:** Според нив, **не постојат значајни разлики** во успехот по пол или етничка припадност; успехот го гледаат исклучиво како резултат на индивидуалната ангажираност на секое дете.
- **Поддршка:** Ја ценат достапноста на професорите и сметаат дека работилниците и проектните изработки се клучни за напредокот на

нивните деца.

- **Препораки:** Сугерираат навремено препознавање на потешкотиите и уште потесна соработка меѓу домот и училиштето.

4. Ученици: Креативност и училишна клима

Учениците даваат увид во тоа како се чувствуваат за време на наставниот процес:

- **Лично задоволство:** Поголемиот дел се многу задоволни, но нагласуваат дека успехот зависи и од „надворешни“ фактори како добрата клима и греењето во училниците.
- **Ставови за дисциплината:** Иако признаваат дека дисциплината е важна, мал дел од нив сметаат дека таа не влијае пресудно врз нивните крајни оценки.
- **Методи на учење:** Најмногу им помагаат физичките активности, покреативните часови и помошта што ја добиваат директно од наставниците за време на дополнителната настава.
- **Препораки:** Нивниот главен предлог е **намалување на притисокот** при оценувањето, повеќе меѓусебно разбирање и зголемување на бројот на слободни ученички активности и секции.

2.2 Задржување/ осипување на учениците

Редовност на учениците

Прегледани документи

- ✓ Годишни , тематски и дневни подготовки
- ✓ Записници од стручни активи
- ✓ Пополнети инструменти од посетени часови
- ✓ Портфолија на наставниците
- ✓ Водење на педагошка евиденција
- ✓ Електронски дневник
- ✓ Програма за работа на стручните соработници
- ✓ Годишен статистички извештај за училиштето 2023 / 2024
- ✓ Годишен статистички извештај за училиштето 2024 / 2025

Собрани податоци

Осипувањето на ученици бележи благ пораст. Се забележува тренд на поголем број на ученици кои заминуваат во текот на годината , во однос на оние кои придоагаат во нашето училиште. Влегување во брак и потребата да се напушти училиштето и да се побара работа од социо-економски причини е поизразено во однос на префрлување во друго училиште или заминување во странство како причина за одлевање на учениците.

Се води уредна педагошка евиденција и документација како при превземањето, така и при заминувањето на учениците од нашата образовна институција ,со цел да се обезбеди навременост и достапност на информации за ученикот и истите да се земат сериозно во обзир при натамошната работа со ученикот. Придојдените ученици , според Законот и Правилникот за работа , имаат обврска да дополагаат диференцијални испити , со кои би ги полагале оние предмети, што се предвидени со Наставниот план и програма за дадениот профил, а кои тие не ги следеле во училиштето од каде што доаѓаат .

Во учебната 2023/2024 година <u>запишани</u> се: 362 ученика

I година- 80

- ✓ Водење педагошка евиденција
- ✓ Анкета со педагошката служба
- ✓ Анкета со наставници
- ✓ Анкета со родители
- ✓ Анкета со ученици

II година- 95

III година- 94

IV година- 93

Во текот на учебната година **придојдени** се уште 3 ученика (2-машки, 1-женско). Придојдените ученици се по постапка на преминување од едно во друго училиште.

Во истата година **испишани** се вкупно 12 ученици (4 машки и 8 женски).

Во истата година **отстранети** се вкупно **2** ученика (2-машки)

Во учебната 2023/2024 година <u>завршиле</u>: 348 ученика

Статистика по пол е водена. Од повратните информација, можеме да констатираме дека учениците ни заминуваат од неколку причини:

Причини за испишување на учениците се следниве:

- промена на местото на живеење;
- заминување во странство;
- запишување како вонредни ученици;
- непочитување на Куќниот ред на училиштето;

- лични причини.

Во учебната 2024/2025 година <u>запишани</u> се: 341 ученика

I година - 82

II година - 78

III година - 89

IV година - 92

Во текот на учебната година **нема придојдени ученици** .

Во истата година **испишани** се вкупно 4 ученика (2-женски, 2-машки).

Во истата година **нема отстранети ученици**

Во учебната 2024/2025 година <u>завршиле</u> : 337 ученика

Статистика по пол е водена. Од повратните информација, можеме да констатираме дека учениците ни заминуваат од неколку причини:

Причини за испишување на учениците се следниве:

1. нередовност во наставниот процес и неоправдани изостаноци;

2. запишување како вонредни ученици;

3. заминување во странство;

4. запишување во друго училиште;

5. лични причини (нередовност на патниот превоз, стапување во брак).

- ✓ Анкета со педагошката служба
- ✓ Анкета со наставници
- ✓ Анкета со родители
- ✓ Анкета со ученици

АНКЕТИ

Анализа на резултатите од анкетите за „осипувањето“ (напуштањето) на учениците, распределена по секој сегмент од прашањата и групите:

I. Анализа на стапката на завршување и причините за прекин

Целна група	**Клучни наоди и проценти**	**Причини за незавршување**
Стручна служба	Егзактни податоци: **1% до 2%** осипување.	Вонредно запишување заради работа, предвремено стапување во брак, отсуство на родителска контрола и заминување во странство.

Наставници	Речиси 100% успех кај редовните ученици.	Префрлање во друго училиште, ран работен стаж (дома или надвор) и премин во вонредно образование.
Родители	Висока перцепција на успех.	Лични, социјални и мотивациски причини.
Ученици	Стабилен тренд на завршување.	Семејни проблеми, недостаток на мотивација и приватни причини.

Заклучок: Сите групи се согласуваат дека осипувањето е **исклучок, а не правило**. Главниот „вентил“ за оние кои не можат да следат редовна настава е вонредното образование, што значи дека тие не го напуштаат системот целосно, туку само ја менуваат формата на школување.

II. Идентификација на ранливи групи (Демографија)

Во овој дел, одговорите откриваат суптилни разлики во тоа како различните структури го гледаат проблемот:

- **Економски фактор:** Ова е единствената точка каде **сите четири групи** се едногласни. Учениците од економски слаби семејства се под најголем ризик поради потребата од рана заработка.
- **Етничка припадност и пол:**
    - **Стручната служба** прецизно идентификува дека **женските деца од ромска националност** се ранлива категорија поради традиционалните причини (ран брак).
    - **Наставниците** имаат поделени набљудувања: дел сметаат дека **машките ученици** почесто го напуштаат училиштето за да работат, додека други го посочуваат ромскиот етникум како критичен.
    - **Учениците** специфично посочуваат дека во **стручното образование**, етничката припадност може да биде фактор за осипување, што укажува на социјална поларизација во одредени насоки.
- **Родителска поддршка:** Наставниците и родителите ја нагласуваат „незаинтересираноста на родителите“ како клучна детермината. Ако семејството не го вреднува образованието, ученикот е поподложен на напуштање без разлика на полот.

III. Стратегии за задржување и справување со проблемот

Училиштето применува неколку нивоа на интервенција според деталните одговори:

1. **Педагошко-психолошко ниво:**
    - Интензивни разговори и советувања со учениците и нивните родители.
    - Индивидуален пристап за секој критичен случај (класен раководител + стручна служба).
2. **Институционално ниво:**
    - **Стручната служба** е единствената која ја нагласува соработката со **Центарот за социјални работи (ЦСР) Свети Николе**, што покажува дека училиштето користи и надворешни законски механизми за заштита.
3. **Наставно ниво (Втора шанса):**
    - **Учениците и наставниците** посочуваат дека се даваат „многу шанси“ преку дополнителна настава и разбирање, со цел да се амортизира притисокот од лошите оценки кои често се мотив за напуштање.
4. **Алтернативни патеки:**
    - Овозможување на вонредно полагање испити за оние кои мораат да работат, со што се спречува целосно губење на правото на образование.

Сумарен детален заклучок

Училиштето покажува **висока резистентност кон осипувањето**. Проблемот не е системски (не произлегува од лошо предавање или клима), туку е

социјален.

- **Силни страни:** Одлична соработка со ЦСР, силна улога на класните раководители и флексибилност преку вонредно образование.
- **Слаби страни:** Потреба од уште поголема мотивација кај семејствата од социјално загрозените слоеви за да се спречи прераното „влегување во светот на возрасните“ (работа и брак).

2.3 Повторување на учениците

Прегледани документи	Собрани податоци
✓ Матични книги ✓ Анкета со стручната служба	• **Континуиран успех:** Во училиштето е забележан исклучителен тренд каде во учебните 2023/24 и 2024/25 година, како и во последните десет години, **нема регистрирано ученици кои ја повторувале годината**. • **Отсуство на демографски анализи:** Поради фактот што нема ученици кои повторуваат, не се изработени анализи за пол и етничка припадност, иако административните механизми за такви анализи постојат. • **Усогласеност на ставовите:** Постои целосна усогласеност помеѓу официјалната евиденција и одговорите на анкетата од страна на стручната служба, потврдуваат дека нема вакви случаи. • **Правна заштита и процедури:** И покрај тоа што не е искористена во пракса, училиштето има **јасно дефинирана законска процедура за жалби**. Доколку се појави случај на повторување, ученикот има право на

приговор до Училишниот одбор, чија одлука е конечна.

Училиштето одржува стабилна образовна средина без повторувачи, но истовремено е подготвено со соодветни правни механизми за заштита на учениците доколку се појави потреба.

Подрачје: ПОСТИГАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Резултати:

Клучни јаки страни

- ✓ Редовно се следат и вреднуваат постигнувањата на учениците.
- ✓ Во наставниот процес се применуваат современи и разновидни наставни форми и методи кои поттикнуваат активно учество на учениците и подобра реализација на наставните цели.
- ✓ Се користат различни инструменти за следење и оценување на постигањата, што овозможува реална слика за напредокот на учениците.
- ✓ Училиштето редовно и навремено ги информира учениците и родителите за резултатите и напредокот, со што се јакне мегусебната соработка и доверба.
- ✓ Забележливо е ниско ниво на осипување на учениците и стабилен континуитет во наставата, што укажува на позитивна училишна клима и функционална организација на образовниот процес.
- ✓ Строго се почитува Правилникот за изрекување на педагоши мерки на учениците.
- ✓ Строго се почитува Кодексот за облекување на наставници и ученици
- ✓ Стручната служба располага со целосни, систематизирани и ажурирани податоци за ученичките постигања, што е неопходно за сеопфатната анализа и планирање.
- ✓ Постои можност за вклучување на наставниците во обуки, проекти и програми за професионален развој, се со цел да можат да се следат брзите промени во образовните стандарди

Слабости

- ✓ Постои недоволна континуирана едукација и стручно усовршување на наставниот кадар, особено во делот на препознавање и работа со надарени ученици. Во училиштето не е воспоставен јасен механизам ниту програма за идентификација и поддршка на надарени и талентирани ученици.
- ✓ Не се врши систематско следење на учениците по завршување на училиштето, со што е оневозможено користење на повратните информации за подобрување на образовниот процес.
- ✓ Дополнително, недостасуваат современи нагледни и дигитални наставни средства, што може да влијае врз квалитетот и ефективноста на наставата, а со тоа и врз мотивираноста кај учениците и кај дел од наставниот кадар.
- ✓ Потребно е подобрување и контрола на заведувањето на секое отсуство на учениците од наставата.

Подрачје: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

Анализа на резултатите:

Училиштето успешно ја реализираше програмата за двете учебни години.

Во училиштето постои добра организираност на наставата. Службите и менаџментот на училиштето вршат редовно следење и вреднување на постигнувањата на учениците.

Во наставата се применуваат најразновидни форми и методи во наставата, кои зависат од условите на обавување на наставата и наставната тематика која се реализира.

Се користат различни инструменти за следење и оценување на постигнувањата на наставниците и учениците.

Училиштето редовно ги информира учениците и родителите за нивните постигања.

Не е евидентирано поголемо осипување/повторување на учениците.

Приоритетни подподрачја

- ✓ Подобрување на следењето на учениците кои го завршиле училиштето.
- ✓ Постои можност за вклучување на наставниците во обуки, проекти и програми за професионален развој, се со цел да можат да се следат брзите промени во образовните стандарди.
- ✓ Изработка на јасни критериуми за идентификација на надарени ученици и креирање на програма за индивидуализирана работа , дополнителна настава и натпревари
- ✓ Поттикнување на размена на добри практики мегу наставниците преку иницирање на мегусебни посета на часови и други форми на мегусебна соработка
- ✓ Воведување на база на податоци преку дигитални алатки и евиденциски системи,што може значително да го подобри следењето и анализата на ученичките постигања.
- ✓ Соработката со локалната заедница, институции и организации како можност за дополнителна поддршка и збогатување на наставниотпроцес.

Потпис на членовите на комисијата:

1. Зојица Митрева_____
2. Ангел Андроников_____
3. Марија Јорданова_____
4. Бојанка Ефремовска_____
5. Маринела Зафирова Стоилевска_____
6. Тодор Јованов_____

ПОДРАЧЈЕ БР. 3: УЧЕЊЕ И НАСТАВА		
Бр.	**Индикатор за квалитет**	**Теми**
3.1.	**Планирања на наставниците**	• Поддршка и следење на планирањата на наставниците • Индивидуални планирања на наставниците • Размена на искуства и информации при планирањето • Распоред на часови
3.2.	**Наставен процес**	• Наставни форми и методи • Употреба на ИКТ во наставата • Избор на задачи, активности и ресурси • Приод на наставникот кон учениците • Интеракција меѓу наставниците и учениците • Следење на наставниот процес • Изведување на практична обука на учениците кај работодавачите
3.3.	**Искуства на учениците од учењето**	• Средина за учење • Атмосфера за учење • Поттикнување на учениците за преземање одговорност • Интеракција меѓу учениците • Учење во реални работни услови кај работодавач
3.4.	**Задоволување на потребите на учениците**	• Детектирање на образовните потреби на учениците • Почитување на различните потреби на учениците во наставата
3.5.	**Оценувањето како дел од наставата**	• Училишна политика за оценување • Методи и форми на оценување • Користење на информациите од оценувањето во наставата
3.6.	**Известување за напредокот на учениците**	• Известување на родителите за напредокот на учениците

Подрачје: УЧЕЊЕ И НАСТАВА

3.1 Планирање на наставниците

Прегледани документи

- ✓ **Планирања на наставниците**
- ✓ **Годишни глобални планови;**
- ✓ **Тематски процесни планирања;**
- ✓ **Дневни подготовки;**
- ✓ **Разговор со педагог;**
- ✓ **Интервју со наставници по случаен избор**
- ✓ **Записници од состаноците на стручните активи**
- ✓ **Акциони планови на стручни активи;**
- ✓ **Покани за обуки и семинари;**
- ✓ **Извештаи за реализирани обуки;**

Собрани податоци

За реализација на наставните планови и програми, наставниците ги прават следните планирања: годишен глобален план, тематски планирања и дневни оперативни планови.

Во училиштето, сите наставници имаат изготвени годишни планирања според работниот календар, кои до 15 Септември секоја учебна година ги доставуваат до стручната служба. Тематските планирања ги доставуваат до 15 Септември или една до две седмици пред започнување на секоја нова тема.

Дневните оперативни планови наставниците ги прават секојдневно, а во нив ја разработуваат содржината што ќе ја предаваат, целите што треба да се постигнат, групирани според Блумовата таксономија, како и методите и формите на наставна работа. Најголем дел од наставниците редовно пишуваат дневни подготовки за час. Сите планирања на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на темата и часот. Сите наставници изработуваат критериуми и стандарди за оценување кои се вметнати во тематските процесни планирања, со што на учениците и родителите им

се дава до знаење кои цели треба да ги постигнат за соодветна оценка. На овој начин се постигнува поголема транспарентност, јасност и доследност во оценувањето на учениците.

Стручната служба ги чува планирањата на наставниците во посебни досиеја за секој наставник. Следењето на планирањата на наставниците го врши училишниот педагог. Еднаш или двапати во текот на едно полугодие од страна на училишниот педагог се врши проверка на планирањата на наставниците. Дел од работните обврски на училишниот педагог е и поддршката што им ја дава на наставниците за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес во училиштето, за што има пропишани приоди и утврдени процедури.

Поддршката на наставниците се гледа и во организирање обуки во училиштето и преку посета на семинари на дел од наставниците кои потоа извршуваат десеминација на останатите наставници. Темите се во врска со планирањата и оценувањето, формативното и сумативното, примена на ИКТ во наставата, менаџмент во училница и други. Наставниците, размената на искуства и информации при планирањето на наставниот процес ја прават во рамките на стручните активи, во разговор со колеги од колективот и во разговор со колеги од историодни предмети од други училишта. Се применуваат и укажувањата и насоките на советниците.

Распоредот на часови го прави еден наставник од училиштето во

консултација со директорот, стручната служба и наставниците. Притоа се води сметка за искористеност на просторните капацитети на училиштето, изедначување на бројот на часови меѓу паралелките заради застапеноста на изборните предмети во редовната настава.

3.2 Наставен процес

Прегледани документи

- ✓ **Годишни , тематски и дневни подготовки**
- ✓ **Записници од стручни активи**
- ✓ **Пополнети инструменти од посетени часови**
- ✓ **Портфолија на наставниците**
- ✓ **Инструмент за евалуација на наставниот час**
- ✓ **Водење на педагошки евиденции**
- ✓ **Инструмент за следење на педагошка евиденција и документација,(класни и главни книги)**

Собрани податоци

За реализација на наставната програма наставниците применуваат разновидни наставни форми и методи со цел активно да ги вклучат учениците при што тие работат во групи, парови или индивидуално.

Се користат расположивите средства и материјали, а по одредени наставни предмети се изведуваат и практични активности и се применува ИКТ во зависност од условите со кои што располага училиштето.

Најчесто се јавува потешкотија при користење на интернет за потребите на наставата. Се користат различни методи на интеракција со учениците што се во насока на промовирање и градење доверба меѓу наставата, наставниците и учениците.

Во гимназиската зграда секој од кабинетите е опремен со телевизор, кои значително многу ја подобрија работната атмосфера на часовите како и квалитетот на настава кај наставниците;

Во спроведувањето на активностите на часот наставниците ги

✓ **Програма за работа на директорот и стручните соработници**	поттикнуваат учениците самостојно да учат и да поставуваат прашања, како и да водат дискусии за одредени теми. При тоа преку формативно оценување го пратат напредокот на учениците со што ја мотивираат и развиваат самодовербата кај нив. Односот меѓу наставниците и учениците е со взаемно почитување, соработка и разбирање без правење на разлика меѓу учениците по пол , социјалното потекло, етничка и (религиска) верска припадност. Постои пропишана, интерна процедура за следење на наставниот процес со што секој наставник се посетува на час од директорот и стручните соработници кои преку своите инструменти го следат работењето на наставниците. Стручните активи редовно работат со размена на искуствата со цел за подобрување на наставата и примена на иновации од посетени семинари. Наставниците редовно вршат следење и бележење на постигнувањата на учениците и ги информираат родителите преку електронски дневник.

<u>3.3 Искуства на учениците од учењето</u>

Прегледани документи	**Собрани податоци**
✓ **Пофалници**	Изработените литературни и ликовни творби од учениците се изложуваат во училиштето на паноа, а практичните изработки во витрините во

- ✓ **Дипломи**
- ✓ **Елаборати од истражувачки активности на учениците**
- ✓ **Ученички портфолија**
- ✓ **Програма за работа и извештаи од Ученичка заедница**
- ✓ **Извештаи од учество на натпревари**

училишните холови и кабинетите. Добиените награди и пофалници ги красат ѕидовите на училишните ходници. Училиштето учествува на сите наградни литературни и ликовни конкурси и на повеќето од нив имаме добиено високи места особено на регионално ниво по математика, хемија, македонски јазик и литература како и добиени високи места на државно ниво по предметите географија, англиски јазик, француски јазик и биологија. Преку активно вклучување на часот согласно таксономијата на Блум, преку примена на наученото, како и преку креативно мислење учениците не само што донесуваат заклучоци и искажуваат лични ставови во учењето, (заклучоци) туку превземаат и лична одговорност. Наставата се организира така да учениците се активни учесници, а не пасивни слушатели за време на часовите, се поттикнуваат и охрабруваат самостојно да истражуваат и прибираат податоци.

Учениците сметаат дека можат слободно да го искажуваат своето мислење кое сериозно се зема во предвид при решавање на одредени проблеми преку редовните состаноци на Ученичката заедница во училиштето.Учениците заеднички работат на различни проекти и работилници во и надвор од наставата во групи со различен состав и големина.

Секој од наставниците кои земаат учество на општински, регионален или натпревар на државно ниво изработува извештај за постигањата на своите ученици од дадениот натпревар;

3.4 Задоволување на потребите на учениците

Прегледани документи

- ✓ **Анкети за учениците**
- ✓ **Разговор со ученичката заедница,родителите и наставниците.**
- ✓ **Увид во ученичките досиеја.**
- ✓ **Увид во евиденцијата на стручната служба.**
- ✓ **Програми за работа и извештаи на ученичката заедница**
- ✓ **Дипломи,**
- ✓ **Пофалници.**

Собрани податоци

Соработката помеѓу учениците и наставниците е добра.Учениците сметаат дека поголемиот број на наставници се отворени за соработка и пружење подршка. Средината во која учат учениците пружа добри услови за учење. Училниците се пространи, осветлени, инвентарот ги задоволува потребите. Во училниците и кај дел од кабинетската настава има истакнато трудови од учениците. Во училишната зграда низ ходниците има истакнато трудови на учениците на видни места. Учениците сметаат дека најчесто се учи на поинтересен начин,додека родителите сметаат дека наставниците треба постојано да изнаоѓаат форми и методи да ги мотивираат учениците, како и да бараат начини на предавањата да бидат поинтересни и поприфатливи за учениците.

Соработка помеѓу учениците,наставниот кадар и др вработени во училиштето е добра. Учениците сметаат дека имаат можност да го искажуваат своето мислење и тоа да биде сериозно земено предвид при решавањето проблеми и одлучувањето во реализација на еколошките проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди. Како најава за секоја акција или еколошки проект се прават презентации за целите и очекуваните исходи на акцијата или проектот. Сите ученици од

училиштето земаат активно учество во реализација на еколошките проекти и точки на акција.

3.5 Оценувањето како дел од наставата

Прегледани документи

- ✓ **Годишна програма за работа на училиштето;**
- ✓ **Стандарди за оценување;**
- ✓ **Критериуми за оценување;**
- ✓ **Педагошка евиденција и документација;**
- ✓ **Користени инструменти за оценување (тестови на знаење, бодовни листи, чек листи);**
- ✓ **Примери на оценети ученички трудови;**
- ✓ **Анкетен прашалник за ученици;**
- ✓ **Анкетен прашалник за наставници;**
- ✓ **Евиденција за остварени средби и соработка со родители;**
- ✓ **Инструмент за следење и**

Собрани податоци

Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Во училиштето редовните и изборните наставни предмети се оценуваат описно и со нумерички оценки од недоволен (1) до одличен (5).

Поведението на учениците се оценува како: примерно, добро и незадоволително. Учениците и родителите се запознаваат со стандардите и критериумите за оценување на родителски средби, кои се реализираат на почетокот на учебната година, како и за секоја добиена оценка на отворените денови со родителите.

Наставниците посетуваа обука за унапредување на оценувањето на која се запознаа со принципите и стандардите за оценување, како и со видовите оценувања (формативно и сумативно оценување). Преку спроведената анкета поголемиот дел од наставниците се изјасниле дека користат различни инструменти за оценување на постигнувањата на учениците, и исто така дека ги применуваат

вреднување на работата на наставникот за оценувањето на постигањата на учениците.

- ✓ **Портфолија на наставници**
- ✓ **Ученички портфолија,**
- ✓ **Електронски дневник,**
- ✓ **Педагошка евиденција и документација,**
- ✓ **Анкетен прашалник за наставници,**
- ✓ **Евидентни листови,**
- ✓ **Свидетелства,**
- ✓ **Дипломи,**
- ✓ **Записници од родителски средби**
- ✓ **Список на ученици упатени на дополнителна настава**

критериумите за оценување на учениците Секој наставник го следи напредокот на учениците во учењето, а го оценува преку: усни проверки, писмени работи, тестови на знаење,наставни ливчиња, работни ливчиња, чек листи, белешки, домашни работи на учениците, самостојни и групни проекти, активно учество на учениците на часот, степенот на развиено критичко мислење, вклучување во дебати и дискусии, заинтересираноста, практична настава (пракса) итн. Оттука, добиената оценка е синтеза на повеќе аспекти. Различните приоди во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигањата.

Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување. Оценувањето е праведно, транспарентно и скоро секогаш проследено со образложение и дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања, за што потврдуваат и резултатите од спроведените анкети. Оценувањето и следењето е континуирано и на секој час. Најголем број од наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, оценката е јавна и се соопштува по нејзиното запишување и за истата се дискутира со учениците. Информациите добиени од следењето и оценувањето на учениците се корисат за планирање на дополнителните часови, а кај помал број наставници и за подобрување на планирањата за следната учебна година.

3.6 Известување за напредокот на учениците

Прегледани документи

- ✓ **Увид во педагошка евиденција и документација;**
- ✓ **Анкети со родители;**
- ✓ **Интервјуа со родители**
- ✓ **Интервјуа со класни раководители, стручна служба и наставници**
- ✓ **Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители;**
- ✓ **Евидентни листови.**
- ✓ **Електронски дневник;**

Собрани податоци

Информирањето на родителите за напредокот на секој ученик се врши преку утврден систем за известување. Системот вклучува редовно прибирање информации за напредокот и постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајки и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно.

При посетата на часовите од стручната служба се следи начинот на оценување на наставникот на знаењето на ученикот. За да се информираат родителите се користат формални и неформални средби, односно редовни и вонредни родителски средби и индивидуални средби со родителите, кои се добро организирани и на кои јасно се пренесуваат информациите. Редовните родителски средби се одржуваат по однапред утврден ред, и на нив родителите се запознаваат со општиот успех на учениците, дисциплината и однесувањето на учениците како и информации на родителите во врска со тековни прашања. По интерес на родителите може и да се разгледа поединечниот успех на учениците. Родителите добиваат

евидентни листови со информации за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет. Исто така во евидентните листови се запишуваат изостаноците како и поведението на учениците.

Информации за личниот и социјалниот развој на детето забележани од предметниот наставник може да добие родителот на негово барање или на барање на наставникот. Вонредни родителски средби се одржуваат кога за тоа ќе се јави посебна потреба.

Индивидуалните средби се одржуваат по иницијатива на наставникот, педагогот, психологот, директорот или по иницијатива на самиот родител.

Родителите имаат можност да се сретнат со наставниците и да бидат информирани за постигнувањата на учениците на отворен ден за родители секој прв понеделник во месецот. Секој наставник има определено термин за консултативни поединечни средби со родителите и тоа најмалку еден час седмично. Од родителите се бара да дадат повратна информација по добиените информации за постигнувањата како би се превземале соодветни активности во склад со гледиштата на родителите во однос на напредокот и постигањата на учениците.

Електронската евиденција на постигањата на учениците (електронски дневник), уредно беше водена од наставниците. Известувањето на

родителите по електронски пат функционира целосно со мал број на отстапки, воглавно поради тоа што дел од родителите не користат електронска пошта или немаат редовен пристап до компјутер и интернет или немаат оставени мобилни телефони за контакт.

Подрачје: УЧЕЊЕ И НАСТАВА

Методи кои се користени за собирање на податоци	**Собрани информации**
✓ **Прашалник за наставници**	На прашањето од спроведената анкета колку често наставниците им даваат домашна задача на учениците, тие одговориле дека домашна задача даваат одвреме-навреме односно некогаш и по потреба доколку има потешкотии во учењето на материјалот; Според резултатите од анкетата училиштето недоволно располага со фонд на книги и стручна литература. Сите наставници изјавиле дека немаат стереотипи за машки и женски активности и дека подеднакво ги испрашуваат и машките и женските ученици. Сите наставници директно ги известуваат и директно разговараат со учениците за нивниот напредок. Белешки за напредокот на учениците прават поголемиот број од наставниците. Методот на кои водат сметка за индивидуалните потреби на учениците поголемиот број од наставниците е разговор со учениците.

На прашањето според анкетата: Како се оценува работата на наставниците во училиштето?

Најголем дел одговориле преку извештаи, учество во комисии, подготовка на тестови, натпревари, интегрална евалуација.

На прашањето: Кои методи најчесто се користат при оценувањето?

Најголем дел од наставниците одговориле преку анкети, набљудување на час, резултати од ученици.

На прашањето дали сметате дека оценувањето е објективно и правично?

Најголем дел од наставниците одговорија дека воглавно е правично а дел од наставниците рекоа дека делумно се согласуваат дека оценувањето е објективно и правично.

На прашањето дали наставниците имаат разбирање за проблемите,учениците најмногу одоговориле понекогаш.

- ✓ **Прашалник за ученици**

Според одговорите учениците понекогаш учествуваат со своите идеи во креирањето на училишната политика.

Наставниците транспарентно комуницираат со учениците во воспитно образовниот процес според учениците.

Наставниците постојано ги почитуваат културните полови разлики кај учениците.

Најчести предлози за промена во училиштето се:

- Предвременото напуштање на наставата
- Изградба на спортска сала
- Воведување на униформи за учениците
- Реновирање на гимназиската зграда(кров, фасада, прозори, тоалети)

Подрачје: УЧЕЊЕ И НАСТАВА

Резултати:

Клучни јаки страни

- ✓ Секој наставник подготвува годишно планирање кое го доставува до стручната служба на почетокот на учебната година и тематски процесни планирања кои ги доставува една до две седмици пред почетокот на секоја нова тема.
- ✓ Наставниците изработуваат критериуми и стандарди за оценување кои се вметнати во тематските процесни планирања.
- ✓ Наставниците редовно пишуваат дневни подготовки за час кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на часот.
- ✓ Стручната служба (Педагог) најмалку двапати во едно полугодие ги следи планирањата на наставниците според утврдени процедури за поддршка и следење на планирањата
- ✓ Наставниците, размената на искуства и информации при планирањето на наставниот процес ја прават во рамките на стручните активи, во разговор со колеги од колективот и во разговор со колеги од историодни предмети од други училишта.
- ✓ Во наставните планови наставниците применуваат содржини од ИКТ програма ;
- ✓ Се применуваат најразновидни форми и методи во наставата;
- ✓ Прифатен е и се почитува Етичкиот кодекс за оценување на постигањата на учениците;
- ✓ Учениците се мотивираат за учество во литературни и ликовни конкурси, како и за натпревари на знаења;
- ✓ Се следи и евидентира напредокот на учениците и редовно се информираат родителите за постигањата на

Слабости

- ✓ Недоволна примена на интерактивна настава
- ✓ Недоволно стекнување на образовни знаења за практична применливост на знаењата

Подрачје: УЧЕЊЕ И НАСТАВА

Анализа на резултатите:

Дневните оперативни подготовки наставниците ги прават секојдневно, а во нив ја разработуваат содржината што ќе ја предаваат, целите што треба да се постигнат, групирани според Блумовата таксономија, како и методите и формите на наставна работа. Најголем дел од наставниците редовно пишуваат дневни подготовки за час. Сите планирања на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на темата и часот. Сите наставници изработуваат и критериуми за оценување кои се вметнати во тематските процесни планирања, со што на учениците и родителите им се дава до знаење кои цели треба да ги постигнат за соодветна оценка. На овој начин се постигнува поголема транспарентност, јасност и доследност во оценувањето на учениците.

Стручната служба ги чува планирањата на наставниците во посебни досиеја за секој наставник. Следењето на планирањата на наставниците го врши училишниот педагог. Еднаш или двапати во текот на едно полугодие од страна на училишниот педагог се врши проверка на планирањата на наставниците. Дел од работните обврски на училишнио педагог е и поддршката што им ја дава на наставниците за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес во училиштето, за што има пропишани приоди и утврдени процедури.

Поддршката на наставниците се гледа и во организирање обуки во училиштето и преку посета на семинари на дел од наставниците кои потоа извршуваат десеминација на останатите наставници. Темите се во врска со планирањата и оценувањето, формативното и сумативното, примена на ИКТ во наставата, менаџмент во училница и други.

Наставниците, размената на искуства и информации при планирањето на наставниот процес ја

прават во рамките на стручните активи, во разговор со колеги од колективот и во разговор со колеги од историодни предмети од други училишта. Се применуваат и укажувањата и насоките на советниците.

Распоредот на часови го прави еден наставник од училиштето во консултација со директорот, стручната служба и наставниците. Притоа се води сметка за искористеност на просторните капацитети на училиштето, изедначување на бројот на часови меѓу паралелките заради застапеноста на изборните предмети во редовната настава.

<u>Приоритетни подподрачја</u>

- ✓ **Опремување на училиштето со компјутери и други нагледни дигитални и аудио визуелни средства**
- ✓ **Подобрување на интерактивноста и стекнувањето на образовни знаења за практична применливост на знаењата**

Потпис на членовите на комисијата:

1. Оливера Лазева-Митева_____

2. Ивана Спасева_____

3. Кристијан Насевски_____

4. Сонја Трајкова_____

5. Ацо Атанасов_____

6. Марјан Кировски_____

ПОДРАЧЈЕ БР. 4: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ		
Бр.	**Индикатор за квалитет**	**Теми**
4.1.	**Севкупна грижа за учениците**	• Заштита од физички повреди и елементарни непогоди • Превенција од насилство • Заштита од пушење, алкохол и дрога • Квалитет на достапна храна • Поддршка на учениците со пречки во развојот/ физичка попреченост • Грижа за учениците од социјално загрозени семејства
4.2.	**Здравје**	• Хигиена и заштита од болести • Грижа за учениците со здравствени проблеми
4.3.	**Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**	• Давање помош при избор на занимањето/ институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување • Грижа за учениците со емоционални тешкотии
4.4.	**Следење на напредокот**	• Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците • Анализа на напредокот на учениците по паралелки

Подрачје: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

4.1. Севкупна грижа за учениците

Прегледани документи

- ✓ Годишна програма за работа на училиштето
- ✓ Правилник за организација и систематизација на работата и работните места
- ✓ Програма за работа на директорот и стручните соработници
- ✓ Извештаи за работа на членовите од стручниот тим
- ✓ Годишни извештаи за работењето на училиштето
- ✓ Годишна програма за работа на училиштето
- ✓ Куќен ред на училиштето

Собрани податоци

Училиштето користи разни форми и активности преку кои се обезбедува грижа, благосостојба и заштита на учениците независно од половата и етничката припадност, вклучувајки ги и учениците со пречки во развојот. Преку голем број на активности се следат нивните физички, емоционални и социјални потреби, како и унапредувањето на менталното и физичкото здравје.

За обезбедување на заштитата на учениците во наставно-образовниот процес се преземаат активности од поголем број на вклучени субјекти во образовниот процес и тоа директорот, наставниците, членовите на стручниот тим, техничкиот персонал и сите останати вклучени во образовниот и надвор од образовниот процес. Училиштето ги превзема следниве активности во доменот на заштитата на здравјето на учениците:

- Во годишната програма на училиштето се предвидени активности на сите чинители во образовниот процес а се однесуваат на здравствената заштита на учениците.
- Директорот на училиштето се грижи за спроведувањето на предвидените активности од годишната програма

- Училиштето се грижи да обезбеди квалитетна настава со наставните средства и ресурси што ги поседува а во функција на здравјето на учениците

- Во гимназиската зграда се реновираат комплет санитарните чворови со што значително ќе се подобри хигиената во училиштето и грижата за здравствјето на учениците

- Во стручното училиште, каде опстојуваат струките земјоделско-ветеринарна, машинска и хемиско-технолошката во дел од училиштето е санирана и реновирана училишната зграда комплет со санитариите со што значително е подобрена здравствената заштита на учениците.

  Во останатиот дел е потребно реновирање на училишните простории како и санитарните чворови.

- Училиштен дом кој што е реновиран и има услови за престој и исхрана за учениците од другите градови не е искористен и во него нема сместено ученици.

- Во стручното училиште, каде опстојуваат струките земјоделско-ветеринарна, машинска и хемиско-технолошката кои се дуални паралелки учениците практичната настава ја изведуваат во компании со кои училиштето има склучено договори и во истите се запазени сите потребни мерки за заштита на учениците посебно на

нивното здравје, според стандардите пропишани од МОН и БРО.

СОУ „Кочо Рацин“ како воспитно-образовна институција на преден план од своите активности се учениците и нивното здравје, ова се потврдува преку соработката и поддршката на проекти на институции од Локалната самоуправа и други организиции од Општина Свети Николе како што се:

- МВР-Св.Николе и инспектор за превенција во соработка со стручниот тим при училиштето континуирано врши предавања на теми поврзани со младите и учениците како што се врсничкото насилство, безбедност во сообраќајот, трговијата со луге , болестите на зависност , хулиганство и др.

- Црвен Крст-Св.Николе во соработка со училиштето континуирано врши обуки од прва помош на учениците а голем дел од учениците се вклучени во активности на црвениот крст од Свети Николе.

  Потребно е да се изврши обука за вработените за давање прва помош.

- Здравствен дом-Св.Николе во континуитет врши систематски преглед на учениците од пва и четврта година со што директно се грижи за здравјето на учениците.

- Центар за социјални работи Свети Николе во соработка со стручните служби од училиштето има извршено предавања од областа на менталното здравје на учениците и предвременото

стапување во брак на учениците со што директно се едуцираат учениците и се грижи училиштето за нивното здравје.

- Со НВО организациите, училиштето има одлична соработка со Организација на Жени на општина Свети Николе со кои има спроведено едукативни работилници на тема од врсничкото насилство.

- ТППЕ од Свети Николе во соработка со училиштето извршува показни вежби за евакуација при пожар и елементарни непогоди.

Стручната служба при училиштето составена од Психолог, Социолог и Педагог ги има спроведено следниве активности во областа заштита на здравјето на учениците:

- Во училиштето во континуитет се спроведува анкетни истражувања со кои се настојува да се утврдат појави кои се поврзани со здравјето на учениците како што се: булингот и врсничкото насилство, белестите на зависност, состојбите во воспитно образовниот процес, интернетот и штетното влијание врз здравјето на учениците и др. а од добиените резултати се изготвуваат извештаи и препораки кои се доставуваат до раководството на училиштето.

- Во соработка со центарот за социјални работи училишнтето има извршено предавања од областа на менталното здравје на учениците и предвременото стапување во брак на учениците со

што директно се едуцираат учениците и се грижи училиштето за нивното здравје.

- Од страна на стручната служба со учениците се изведуваат едукативни работилници на кои како дел од активностите на учениците им се презентираат кратки едукативни филмови од областа на ученичкото насилство и трговијата со луге, дистрибуиран и презентиран е куќниот ред на училиштето, со инспектор за превенција од ПС Свети Николе се реализираат едукативни работил од областа на врсничко насилство, изготвен и реализиран едукативен материјал за борба со болестите на зависност, изготвен и реализиран едукативен материјал на тема "Сексуално преносливи болести". Реализирани едукативни работилници со учениците и родителите во склоп на проектот ”Безбедна училишна средина.

- Во секојдневната работа со учениците, директорот, стручната служба и наставниците преку нивната постојана комуникација, разговори и прашалници ги следат и оценуваат емоционалните, физичките и социјалните потреби на учениците. Училиштето одговара на потребите во склад со расположивите ресурси.

Почнувајки од класниот раководител, другите наставници и стручната служба се води грижа за безбедноста на учениците на тој начин што сите ученици имаат ист третман без разлика на материјалниот и социјалниот статус. За таа цел се забранува било каква дискриминација на

национална, етничка, верска и полова основа. Учениците се учат да ги развиваат своите позитивни особини како што се искреност, чесност, другарство и друго. За да се спречат непријатни и конфликтни ситуации и други несакани појави направен е распоред за дежурство од страна на наставниците и учениците.

Во согласност со Законот за малолетничка правда, Законот за семејно насилство, во соработка со Центарот за социјална работа и полицијата се разрешуваат сомнежите за ментално и физичко злоупотребување.

4.2.Здравје

Прегледани документи

- ✓ Годишна програма за работа на училиштето
- ✓ Куќен ред на училиштето
- ✓ Извештај за работа на членовите од стручниот тим
- ✓ Годишни извештаи за работењето на училиштето

Собрани податоци

За хигиената и уредноста на просториите во кои се изведува наставата, ходниците, санитарните чворови и училишниот двор се грижи техничкиот персонал во училиштето чиј број соодветствува на потребите за училиштето.

Училиштето не обезбедува увид во квалитетот на храната што им се нуди на учениците во продавниците за храна во негова непосредна близина.

За обезбедување на заштитата на учениците во наставно-образовниот процес се преземаат следните активности:

- Училиштето се грижи да обезбеди квалитетна настава со наставните средства и ресурси што ги поседува.

- Во гимназиската зграда учениците имаат можност за кабинетска настава.

- Стручното училиште, каде опстојуваат струките земјоделско-ветеринарна, машинска и хемиско-технолошката имаат можност за кабинетска настава.

- Учениците од сите струки и профили практичната обука ја реализираат преку предметите: Учење преку работа кај работодавач и Феријална пракса. За учениците од земјоделско-ветеринарната и прехранбената струка училиштето има склучено меморандуми за соработка со компании, земјоделски стопанства и пекари, за машинската струка со приватни автосервиси, а за учениците од ветеринарната струка со ветеринарни амбуланти.

- Сите ученици во стручното образование се вклучени системот на дуално образование што опфаќа соработка со одредени фирми во нашата општина и можности за добивање на стипендии.

Дека на СОУ „Кочо Рацин“ како воспитно-образовна институција на преден план од своите активности се учениците и нивното сопствено здравје се гледа преку соработката и поддршката на проекти на органите од Локалната самоуправа и други организиции од Општина Свети Николе како што се: МВР-Св.Николе, Црвен Крст-Св.Николе, Здравствен дом-Св.Николе.

Во сите овие активности вклучени се учениците при СОУ „Кочо Рацин“ со

нивно директно учество, преку предавања, обуки, организирање акции, литературни и ликовни конкурси, изготвување на флаери, презентации при што се освоени поголем број на признанија, благодарници и дипломи.

Во секојдневната работа со учениците, директорот, стручната служба и наставниците преку нивната постојана комуникација, разговори и прашалници ги следат и оценуваат емоционалните, физичките и социјалните потреби на учениците. Училиштето одговара на потребите во склад со расположивите ресурси.

Почнувајки од класниот раководител, другите наставници и стручната служба се води грижа за безбедноста на учениците на тој начин што сите ученици имаат ист третман без разлика на материјалниот и социјалниот статус. За таа цел се забранува каква било дискриминација на национална, етничка, верска и полова основа. Учениците се учат да ги развиваат своите позитивни особини како што се искреност, чесност, другарство и друго. За да се спречат непријатни и конфликтни ситуации и други несакани појави направен е распоред за дежурство од страна на наставниците и учениците.

Во согласност со Законот за малолетничка правда, Законот за семејно насилство, во соработка со Центарот за социјална работа и полицијата се разрешуваат сомнежите за ментално и физичко злоупотребување.

Собрани податоци

За хигиената и уредноста на просториите во кои се изведува наставата,

ходниците, санитарните чворови и училишниот двор се грижи техничкиот персонал во училиштето чиј број соодветствува на потребите за функционирање на училиштето. Истовремено се посветува посебно внимание и советување за правилно користење и одржување на хигиената во тоалетите и инвентарот од страна на самите ученици и вработените во училиштето .

За да се одржува хигиената во училишниот простор, ходниците и скалите се чистат на секој одмор во текот на денот, а подот и мебелот секојдневно по завршување на работното време и работните обврски на наставниците и учениците. Останатиот инвентар во училиштето како што се прозорците и вратите се чистат двапати во текот на едно полугодие, и постојано се преземаат мерки за хигината да биде на се повисоко ниво. Хигиената во училишниот двор континуирано се одржува како од страна на наставниците, така и од страна на учениците од сите образовни профили преку акции, практична настава, еколошки патроли итн.

Континуирано се добиваат известувања од страна на Центарот за јавно здравје при Општина Свети Николе посебно наменети за одржување на здравјето на учениците во зимскиот период од учебната година.Училиштето се грижи за здравјето на учениците и наставниците. Се организираат редовни систематски прегледи за учениците од прва и четврта година и за наставниците редовни санитарни и систематски прегледи.

Училиштето има пропишани процедури за грижа на учениците со посебни

образовни потреби и соработува со родителите за постојана поддршка на инклузираните ученици. Учениците кои имаат посебни образови потреби уште при запишувањето во училиштето приложуваат наод и мислење од заводот за ментално здравје на деца и младинци – Скопје. Откривањето на пост-конфликтните трауми го прави наставниот кадар, а стручната служба применува техники за надминување на травматичните искуства.

Училиштето ги поддржува учениците со здраствени проблеми за да ги надминат истите и им пружа можност за наставна и советодавна работа во склад со нивните специфики.

Важно е да се каже дека учениците се обучуваат и советуваат како да ги користат машините и опремата со која располага училиштето, за да не се повредат и да се обезбеди заштита и безбедност во просториите на училиштето и надвор од него.

Во куќниот ред на училиштето посебно се потенцира односот кон хигиената во училиштето и училишниот двор од страна на учениците. Учениците се запознати со куќниот ред во училиштето. Куќниот ред на училиштето е прикажан и достапен на учениците и вработените преку поставување на соодветно место на огласната табла во холовите на училиштето, но и во секоја училница од почетокот на наставната година. Покрај Куќен ред имаме и Кодекс на однесување и Кодекс на облекување, кои што исто така се поставени на соодветни места во училиштето и училниците.

4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Прегледани документи

- ✓ Програмата на стручната служба,
- ✓ Програмата на директорот
- ✓ Програмата на раководителите на паралелките
- ✓ Годишна програма за работа на училиштето

Собрани податоци

Советодавната помош учениците ја добиваат најпрвин од класните раководители на класниот час. На класниот час учениците се информираат дека доколку имаат некаков проблем од било каква природа може да се обратат кај стручната педагошко-психолошката служба. Исто така и родителите преку родителските средби и преку покани се информираат за проблемите на нивните деца и нивната можност за разговор со соодветната педагошко-психолошка служба во училиштето.

Советодавната помош во училиштето добро се спроведува. Во програмските документи се предвидени програмски активности за професионална ориентација. Овие активности се составен дел на програмата на стручната служба, програмата на директорот и раководителите на паралелките.

Училиштето ги подготвува учениците за понатамошното образование. Во трета година учениците од гимназиското образование имаат можност да одберат пакет предмети според нивниот интерес, кој би бил влез за соодветен факултет.

Исто така учениците од стручните паралелки (земјоделско – ветеринарна, машинска и хемиска) имаат изборни предмети во трета година, со цел продлабочување на нивното стручно знаење. Учениците од стручните паралелки преку зголемен број на практична настава која ја

следат директно се оспособуваат за пазарот на трудот, како и да бидат конкурентни на истиот. Училиштето им помага на учениците при изборот на занимањето, професијата и институцијата за понатамошно образование, доусовршување преку добро осмислена програма за професионална ориентација која содржи повеќе активности. Информирани се за помошта што можат да ја добијат во училиштето. Добиваат навремени информации за концепцијата на државната матура како услов за конкурирање на факултет.

Со учениците се разговара за важноста на одлуката поврзана за изборот на професијата во животот на човекот. Заинтересираните ученици се тестираат со тестови за вештините, способностите и особините кои ги поседуваат во соработка со соодветни институции. Исто така, доброволно, по сопствена желба се оценуваат нивните општи, специфични интелектуални способности и лични особини со психодијагностички мерни инструменти кои им помагаат во оформување на сликата за самите себе која е многу важна за реалните амбиции односно за менталното здравје. Учениците се оспособуваат за изработка на професионална биографија, мотивационо писмо, а добиваат и битни информации поврзани со интервјуто за работа.

Училиштето соработува и со агенцијата за вработување. Претставници на високообразовните институции го посетуваат училиштето и оддржуваат презентации при што учениците ги запознаваат со условите за конкурирање, програмите и други важни информации. За таа цел користат и промотивни материјали како летоци, брошури, ЦД и сл.

Училиштето води грижа за учениците со емоционални потешкотии без оглед на изворот (на пр. семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството...).

Со нив разговара стручната служба во училиштето (психолог, педагог и социолог) која им помага преку советодавни и консултативни разговори или ги упатува до релевантни институции. Училиштето соработува со здравствени установи, Центар за социјални работи и други организации и компетентни институции.

4.4. Следење на напредокот

регледани документи

- ✓ Годишни извештаи-архива
- ✓ Извештаи по квартали училишен педагог
- ✓ Педагошка евиденција
- ✓ Евиденција на заминати и новодојдени ученици

Собрани податоци

По извршеното разгледување на педагошката евиденција и документација, како и во разговор со наставници и стручната служба, констатирано е следново:

- Наставниците водат уредна евиденција за напредокот на постигањата, редовноста и поведението на секој ученик, што може да се види во електронскиот дневник , како и од евидентните листови кои им се доделуваат на учениците на секој квартал од учебната година. Целата документација е уредно пополнета и проверена од страна на стручната служба.

  Секој наставник води индивидуална евиденција на напредокот на учениците врз основа на сопствените проценки, писмени и усни проверки, контролни тестови, писмени работи и проектни задачи.

- Целата евиденција во врска со постигнувањата, напредокот, редовноста и поведението е достапна за сите наставници, родители и ученици. Родителите и учениците можат да ги дознаат сите потребни информации во врска со постигнувањата, напредокот, редовноста и поведението на учениците преку електронскиот дневник, на родителските средби, на отворениот ден на училиштето за средба со родителите и преку евидентните листови.
- Уредно водената евиденција дава сериозен увид во постигнувањата на учениците и нивната редовност, за да се подобри истата и за таа цел.

Постои соработка помеѓу раководниот кадар, стручната служба, класните, предметните наставници и родителите. Наставниците подготвуваат извештаи по квартали за својата паралелка кои ги доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар.

Преку редовно одржување на класни и наставнички совети се врши анализа на извештаите, се предлагаат конкретни мерки кои треба да дадат резултати во подобрување на успехот и редовноста на учениците.

Постојат полугодишни и годишни извештаи за резултатот на секоја паралека поединечно.

- Полугодишниот и годишниот извештај содржи податоци за секоја паралелка и предмет и истите се достапни за сите заинтересирани страни.
- Се води редовна евиденција на заминати или новодојдени

ученици.

На испишаните ученици училиштето има обврска да им даде преведница, како и учениците кои доаѓаат од друго училиште имаат обврска да донесат преведница. Во преведницата стојат податоци за постигнатиот успех по предмети и податоци за редовноста на учениците.

Подрачје: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Методи кои се користени за собирање на податоци

✓ Интервју со директор

Собрани информации

Врз основа на одговорите од интервјуто со директорот, може да се направи следнава сумација и анализа во поглед на хигиената и безбедноста во училиштето:

1. Хигиенски услови и здравствена заштита

Училиштето применува сеопфатен пристап за одржување на „здрава и безбедна средина“, фокусирајќи се на неколку клучни нивоа:

- **Тековно одржување:** Се спроведува редовно и максимално чистење на училниците и канцеларииte, со посебен акцент на дезинфекцијата на површините и постојано проветрување на просториите.
- **Санитарни стандарди:** Извршена е професионална **дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД)** како превентивна мерка за заштита на здравјето.
- **Инфраструктурни подобрувања:** Како значаен чекор во подигнувањето на хигиенските стандарди се издвојува **реновирањето на тоалетите** во гимназиската зграда, со што се обезбедуваат подобри услови за учениците и вработените.

✓ Интервју со стручна служба

2. Безбедност и заштита на учениците

Безбедноста во училиштето се третира како мултидисциплинарна област која опфаќа физичка заштита, едукација и превенција:

- **Безбедност при практична настава:** Постои строго почитување на пропишаните правила и норми за заштита при работа за време на **Учењето преку работа (УПР)** и **Феријалната пракса**. Ова е клучно за заштита на учениците од повреди при ракување со машини и опрема.
- **Градење на ненасилна култура:** Преку часовите по животни вештини и работата на стручната служба, училиштето систематски влијае врз емоционалната безбедност и превенцијата од насилство.
- **Подготвеност за итни состојби:** Изготвен е официјален **План за евакуација**, а учениците не само што се запознаени со протоколите, туку и практично се обучуваат преку **симулации за евакуација**.

Одговорите на директорот укажуваат на тоа дека училиштето има **воспоставен систем** кој балансира помеѓу одржувањето на физичката средина (хигиената) и оперативната безбедност (пракса и евакуација).

Врз основа на одговорите на стручната служба, во продолжение е дадена детална сумација и анализа на нивната советодавна и инклузивна работа:

1. Користење на евиденцијата за подобрување на наставиот процес

Стручната служба ја користи педагошката евиденција не само како административна алатка, туку како основа за стратешко подобрување на училишниот успех:

- **Индивидуално следење:** Се води детална евиденција за **успехот, редовноста и поведението** на секој ученик, што овозможува навремено детектирање на отстапувањата.
- **Дијагностика на потешкотиите:** Посебен акцент се става на идентификување на конкретните пречки со кои се соочуваат учениците во учењето.
- **Целни интервенции:** Крајната цел на оваа евиденција е **надминување на недостатоците** преку преземање соодветни педагошки мерки за подобрување на општата состојба во наставата.

2. Поддршка и инклузија на ученици со посебни образовни потреби

Процесот на инклузија во училиштето е системски поставен и се потпира на професионални стандарди:

- **Административно-стручна подготовка:** Процесот започнува со обезбедување на релевантна документација (наод и мислење од Заводот за ментално здравје), што е основа за законско остварување на правата на ученикот.

- **Индивидуализација на наставата:** Стручната служба во тесна соработка со наставниот кадар изготвува **Индивидуален образовен план (ИОП)** за секој ученик со инклузија. Овој план е прилагоден на можностите на ученикот со цел постигнување максимални резултати.
- **Тростран соработка:** Клучот за успехот на инклузивниот процес се гледа во **постојаната комуникација со родителите**, со што се обезбедува поддршка на ученикот и надвор од училишната средина.

Одговорите укажуваат на тоа дека стручната служба во училиштето делува како **координативен центар** кој ги поврзува административните податоци со практичната настава.

Подрачје: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Резултати

Клучни јаки страни:

- ✓ Училиштето ги подготвува учениците за понатамошното образование.
- ✓ Учениците од стручните паралелки преку зголемен број на практичната настава која ја следат директно се оспособуваат за пазарот на трудот, како и да бидат конкурентни на истиот.
- ✓ Соработка на училиштето со локални фирми за следење на практичната настава за машинската и хемиско-технолошката струка
- ✓ Училиштето води грижа за учениците со емоционални потешкотии без оглед на изворот (на пр. семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството ...).
- ✓ Училиштето соработува со здравствени установи, Центар за социјални работи и други организации и компетентни институции.
- ✓ Училиштето води евиденција за напредокот, постигнувањата, редовноста и поведението на учениците која е достапна за сите заинтересирани страни
- ✓ Реновираниот училиштен дом со услови за сместување и храна за ученици од други општини е без сместени ученици

Слабости:

- ✓ Мал број на надгледни средства за кабинетска настава особено по стручните предмети;

Подрачје: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Анализа на резултатите:

Училиштето води севкупна грижа за учениците во училиштето, се грижи и труди да обезбеди квалитетна настава со скромните ресурси кои ги поседува училиштето, се грижи за хигиената и уредноста на просториите во кои се изведува наставата и училишниот двор, се грижи за безбедноста и зачувувањето на здравјето на учениците. Училиштето има пропишани процедури за грижа на учениците со посебни потреби. Училиштето соработува со родителите во обезбедување на грижата.

Советодавна помош во училиштето добро се спроведува. Во програмските документи се предвидени програмски активности за професионална ориентација. Овие активности се составен дел на програмата на стручната служба, програмата на директорот и раководителите на паралелките и кариерните советници.

Наставниците водат уредна евиденција за напредокот на постигањата, редовноста и поведението на секој ученик, што може да се види во електронскиот дневник , а воедно и во главните книги во архива , кои се уредно пополнети и проверени од страна на стручната служба, како и од евидентните листови кои им се доделуваат на учениците на секој квартал од учебната година. Секој наставник води индивидуална евиденција на напредокот на учениците врз основа на сопствените проценки.

Приоритетни потподрачја

- ✓ *Создавање на услови за подобрување на практичната настава и кабинетска набавка по стручните предмети;*
- ✓ *Подобрување на соработката со бизнис заедницата , соработката со научни институции и други сродни организации;*
- ✓ *Обезбедување на поголем број нагледни стредства*

Потпис на членовите на комисијата:

1. Наташа Бошкова _____

2. Зоран Стојановски_____

3. Горан Тасев_____

4. Горан Мијалковски_____

5. Емина Петкова _____

ПОДРАЧЈЕ БР. 5: УЧИЛИШНА КЛИМА		
Бр.	**Индикатор за квалитет**	Теми
5.1.	**Училишна клима и односи во училиштето**	• Углед/имиџ на училиштето • Кодекс на однесување • Училишна клима • Поведение и дисциплина во училиштето • Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми
5.\.	**Промовирање на постигањата**	• Промовирање на личните постигања на учениците • Промовирање на постигањата во име на училиштето
5.3.	**Еднаквост и правичност**	• Познавање на правата на децата • Еднаков и правичен третман на сите ученици • Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот
5.4.	**Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница**	• Соработка на училиштето со родителите • Соработка со локалната заедница • Соработка со деловната заедница и граѓанскиот сектор

Подрачје: УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Теми:

Кодекс на однесување

Училишна клима

Поведение и дисциплина во училиштето

Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми

Прегледани документи

- ✓ Годишен извештај за работата на училиштето
- ✓ Годишна програма за работа на училиштето
- ✓ Закон за средно образование
- ✓ Правилник за правата и одговорностите на учениците
- ✓ Интерни правилници
- ✓ Педагошка евиденција

Собрани податоци

Грижата, заштитата и благосостојбата на учениците, независно од нивната полова, етничка или социјална припадност, претставуваат еден од клучните приоритети на училиштето. Јакнењето и унапредувањето на физичкото и менталното здравје на учениците се реализира преку бројни активности интегрирани во редовната настава и во воннаставните активности. Учениците се активно и непосредно вклучени во различни обуки, предавања, презентации и натпревари, при што редовно добиваат награди и признанија за постигнатите резултати.

Училиштето негува позитивна училишна клима заснована на взаемно почитување и уважување во односите наставник – ученик, како и на професионална соработка и колегијалност меѓу вработените. Наодите од спроведените анкети со ученици, наставници и родители го потврдуваат

- ✓ Дневници на паралелките
- ✓ Изјави
- ✓ Статистички извештаи

постоењето на позитивна и поддржувачка училишна клима. Најголем дел од учениците се чувствуваат безбедно и прифатено во училиштето, а односите наставник – ученик се оценети како коректни и засновани на меѓусебно почитување. Наставниците ја оценуваат работната атмосфера како професионална и соработувачка, со добра комуникација со раководството. Работните задачи и обврски се реализираат преку тимска работа, при што секој поединец има можност да ги искаже и развие своите лични и професионални вештини. Вредностите на мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција се промовираат и практикуваат преку учество во проекти како МИМО (USAID/МЦГО), како и преку бројните ученички и наставнички мобилности во рамки на програмата Еразмус+. Преку овие активности учениците се поттикнуваат на почитување на културните разлики и на надминување на стереотипите. Во учебната 2024/2025 година, соработката со волонтер од Мировниот корпус на САД дополнително придонесе кон развојот на демократските вештини и меѓукултурното разбирање кај учениците.

Дисциплината и почитувањето на куќниот ред во училиштето се на задоволително ниво и се во директна корелација со училишниот Кодекс на однесување, кој е јавно истакнат во сите училници. Анализата на поведението на учениците во периодот 2023–2025 година покажува:

- во учебната 2023/2024 година, во гимназиското образование биле изречени 15 усни и 12 писмени опомени, додека во стручното образование биле изречени 37 усни, 22 писмени опомени и 12 опомени пред

отстранување;

- во учебната 2024/2025 година, во гимназиското образование се евидентирани 13 усни и 11 писмени мерки, додека во стручното образование 43 усни, 35 писмени мерки и 13 мерки пред отстранување.

Анкетните резултати укажуваат дека и учениците и наставниците ја препознаваат дисциплината како област која генерално функционира задоволително, но неоправданото изостанување останува најчесто посочен предизвик. Дел од учениците укажуваат на поединечни случаи на недоследно почитување на куќниот ред, што ја потврдува потребата од континуирана превентивна и советодавна работа.

Учениците активно учествуваат во процесите на донесување одлуки преку Ученичката заедница и Ученичкиот парламент, при што се консултираат за прашања од заеднички интерес, како што се изборот на локации за ученички екскурзии и организацијата на училишни прослави и активности. Со цел унапредување на комуникацијата и поттикнување на ученичката партиципација, во училиштето се поставени четири кутии за жалби, поплаки и предлози, кои овозможуваат анонимно изразување на ставови и идеи.

Според анкетите, учениците ги препознаваат постојните форми на учество во донесувањето одлуки, особено преку Ученичката заедница и Ученичкиот парламент, но дел од нив изразуваат потреба од поголема и поредовна вклученост во прашања што директно ги засегаат. Овие наоди укажуваат на простор за понатамошно јакнење на ученичката партиципација.

Родителите претставуваат значаен партнер во градењето на позитивна училишна клима и активно учествуваат во работата на училиштето преку Советот на родители, Училишниот одбор, отворените денови и деновите за промоција на училиштето. Покрај тоа, училиштето остварува континуирана и продуктивна соработка со јавноста и граѓанските организации, меѓу кои се: Локалната самоуправа, ОО „Црвен крст“ – Свети Николе, Општинската организација на жени, Извидничкиот одред „Гоце Делчев“, Меѓународниот Славјански Универзитет и Домот на култура „К. П. Мисирков“. Преку ваквата меѓуинституционална соработка се зајакнува улогата на училиштето во локалната заедница и се унапредува неговиот углед на локално и пошироко ниво.

5.2 Промовирање на постигањата

Теми:

Промовирање на личните постигања на учениците

Промовирање на постигањата во име на училиштето

Прегледани документи	**Собрани податоци**
Годишна програма за работа на училиштето Годишен извештај за работата на	**Промовирање на личните постигања на учениците** Училиштето воспоставува и доследно применува систем на јавно признавање и вреднување на индивидуалните постигања на учениците, со

училиштето

- Статистички извештаи
- Извештаи од класни раководители
- Пофалби, награди, благодарници
- Меморандум за мултилатерална соработка
- Договор за соработка и вклучување во италијанската мрежа за мир
- Медиумско промовирање на постигањата на учениците
- Огласна табла
- Изложбено пано
- Фотографии

цел поттикнување на мотивацијата, самодовербата и стремежот кон постигнување повисоки резултати. Во таа насока се реализираат следните активности:

- ✓ **Јавно соопштување:** Постигнатите награди, пофалби и успеси на учениците редовно се соопштуваат пред ученичката заедница преку известувања по

- училниците, на седници на Наставничкиот совет, како и за време на свеченото одбележување на Патрониот празник на училиштето и други значајни настани.
- **Визуелна промоција:** Во училиштето се изработуваат паноа со фотографии на наградените и истакнати ученици, а нивните лични изработки, творби и проекти се изложуваат и презентираат во кабинетите и заедничките простории каде што се реализира наставата.
- **Медиумска афирмација:** Постигањата на учениците се промовираат преку интервјуа и прилози во локалните медиуми, преку официјални страници на училиштето, како Фејсбук профил, како и преку објави во официјалните училишни извештаи и промотивни материјали.
- **Учество на натпревари:** Учениците ги афирмираат своите знаења, вештини и таленти преку учество на натпревари од општински, регионален, државен и меѓународен карактер, при што остварените резултати се јавно достапни и транспарентно презентирани.

Промовирање на постигањата во име на училиштето

Училиштето континуирано и стратешки работи на градење и унапредување на својот углед и препознатливост во локалната заедница и пошироко, преку планирани и координирани промотивни активности:

- **Публикации и презентации:** Промоцијата на работата и постигањата на училиштето се реализира преку презентации, соопштенија, публикации, флаери, плакати и билтени во електронска форма, наменети за учениците, родителите и пошироката јавност.
- **Дигитални платформи:** Училиштето редовно ги ажурира информациите за тековните активности, проекти и успеси на својата официјална веб-страница и на официјалниот Фејсбук профил, кои претставуваат важен канал за комуникација со родителите и јавноста.
- **Ученичка заедница:** Ученичката заедница активно придонесува во промоцијата на училиштето преку креирање и споделување содржини на социјалните мрежи, со цел градење препознатлив и автентичен идентитет на училиштето. Промоцијата на училиштето е вклучена како приоритет и во годишните планови на ученичките организации.
- **Институционална соработка:** Угледот на училиштето се зајакнува и преку реализација на заеднички проектни активности и манифестации со Општина Свети Николе, други основни и средни училишта, како и преку учество во проекти за меѓуетничка

интеграција, еколошка едукација и општествена одговорност.

- **Улога на раководството:** Директорот и помошниците директори активно и директно се вклучени во тимовите за промоција на училиштето, особено во периодите на упис на нови ученици, со цел претставување на образовните програми, условите за работа и постигнатите резултати.
- **Јавни настани:** Секоја приредба, манифестација или јавен настан организиран од учениците и наставниците е планиран така што да биде соодветно медиумски проследен и презентиран преку локалните медиуми, со што се зголемува видливоста и позитивниот имиџ на училиштето.

5.3 Еднаквост и правичност

Теми:

- ✓ Познавање на правата на децата
- ✓ Еднаков и правичен третман на сите ученици
- ✓ Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот

Прегледани документи

- ✓ Статистички извештаи
- ✓ Педагошка евиденција
- ✓ Програма за работа на

Собрани податоци

Познавање на правата на децата.

Училиштето посветува особено внимание на информирањето и едукацијата на учениците за нивните права и обврски, како составен дел од воспитно-образовниот процес.Учениците редовно се запознаваат со своите права преку

стручната служба

- ✓ Брошура за правата на децата
- ✓ Веб-портал

наставните и воннаставните активности, при што во кабинетите и заедничките простории се истакнати ученички трудови и материјали поврзани со почитувањето и заштитата на правата на децата.

Вработените во училиштето се свесни за својата професионална и етичка одговорност во процесот на заштита на децата и доследно водат грижа за почитување на нивните права, достоинство и личен интегритет.

Во стратешките документи на училиштето, како значајни цели се истакнати запознавањето на учениците со нивните лични права и обврски, како и истражувањето, унапредувањето и промоцијата на ученичките права, слободи и различности.

Во рамки на часовите за животни вештини и други наставни содржини се реализираат едукативни работилници и активности на теми како „Човекови права за сите“ и „Одговорности и привилегии“, со превентивен и воспитен карактер.

Еднаков и правичен третман на сите ученици

Училиштето обезбедува средина во која сите ученици се третираат подеднакво и правично, во согласност со законските одредби и етичките принципи на воспитно-образовната работа.

Вработените во училиштето применуваат еднаков пристап кон сите ученици, независно од нивниот пол, социјално потекло, способности, верска или етничка припадност.

Во училиштето се води систематска грижа за спречување на дискриминација

во било кој облик. Во анализираните извештаи не се евидентирани случаи на дискриминација меѓу учениците, наставниците или родителите.

Обезбедувањето еднакви можности за учење, напредување и личен развој за сите ученици претставува дел од официјалната визија на училиштето. При разрешување на конфликтни ситуации, секоја инволвирана страна добива објективен, транспарентен и правичен третман, без оглед на нејзината социјална или етничка позадина.

Успехот, поведението и редовноста на учениците редовно се следат и анализираат, вклучително и според етничката припадност, со цел навремено воочување на евентуални разлики и обезбедување правичност и еднаков пристап во образовниот процес.

Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот

Промовирањето на мултикултурализмот и градењето меѓусебно почитување меѓу учениците од различни заедници претставува една од клучните вредности на училиштето.

Мисијата на училиштето е насочена кон градење квалитетен и инклузивен живот за сите ученици, независно од нивната верска и етничка припадност, додека визијата го дефинира училиштето како „расадник на толеранција, почитување и заемно разбирање“.

Училиштето активно учествува во проекти и програми насочени кон јакнење на меѓуетничката интеграција и развојот на демократската култура кај учениците, преку кои се реализираат заеднички активности со партнер-училишта и образовни институции. Преку учество во меѓународни образовни програми, учениците се вклучуваат во активности што го промовираат мултикултурализмот, еднаквоста и почитувањето на различностите. Во рамки на воспитно-образовниот процес се реализираат и интеркултурни работилници и акции насочени кон препознавање и прифаќање на различностите и надминување на стереотипите и предрасудите. Дополнително, училиштето планира и реализира заеднички активности, проекти и екскурзии со цел поттикнување на мултикултурна соработка, заемно разбирање и соживот меѓу учениците од сите заедници.

5.4. Партнерски однос со родителите и деловната заедница

Прегледани документи

- ✓ Извештај за работа на училиштето
- ✓ Записници од совет на родители и родителски средби
- ✓ Записници и одлуки од состаноци од Училишниот одбор

Собрани податоци

5.4.1. Соработка на училиштето со родителите

Училиштето СОУ „Кочо Рацин“ континуирано ги поттикнува родителите да бидат активни партнери во воспитно-образовниот процес преку Советот на родители, Училишниот одбор (во кој родителите имаат тројца свои претставници) и преку редовни родителски средби. Во текот на учебните 2023/2024 и 2024/2025 година реализирани се по четири редовни

- ✓ Педагошка евиденција и документација за општествено корисна работа, за јавно културна дејност
- ✓ Извештаи од работата со деловната заедница и невладиниот сектор
- ✓ Извештај за работа на училиштето

родителски средби (во септември, ноември, јануари и април), како и отворени денови за непосредна комуникација меѓу родителите и училиштето. Со цел унапредување на транспарентноста и навременото информирање, училиштето користи електронски дневник, со што на родителите им се овозможува континуиран увид во успехот, редовноста и наставните содржини на нивните деца.

Училиштето соработува со Општина Свети Николе, со стопанската комора и со приватни фирми за реализација на учењето преку работа (УПР) и феријалната пракса. Соработката со локалната заедница и невладиниот сектор е на високо ниво и се реализира преку бројни заеднички активности. Особено значајни се хуманитарните акции во соработка со ОО „Црвен крст“ – Свети Николе, кои опфаќаат обуки за прва помош, крводарителни акции, како и акции за собирање облека и храна. Училиштето остварува партнерска соработка и со: Организацијата на жени на општина Свети Николе, Извидничкиот одред „Гоце Делчев“, Мото клуб – Свети Николе, Домот на културата „К. П. Мисирков“, Меѓународниот Славјански Универзитет, МВР – ОВР Свети Николе, Министерството за финансии, Територијалната противпожарна единица, како и со приватни компании, меѓу кои и АД „Мода“. Во учебната 2024/2025 година започната е и соработка со волонтер од Мировниот корпус на САД, насочена кон унапредување на наставниот процес и развој на демократските и граѓанските вештини кај учениците.

Родителите се активно вклучени и во организацијата на ученичките екскурзии, при што Советот на родители дава мислење за програмите пред

нивното усвојување. Дополнително, тие учествуваат во активностите за професионална ориентација на учениците преку презентации и споделување на искуства поврзани со нивните професии. Педагошко-психолошката служба реализира континуирани индивидуални и групни советувања со родители, особено со оние чии деца покажуваат намален успех или нередовност во наставата. Во рамки на проектот „Безбедна училишна средина“ реализирани се и едукативни работилници наменети исклучиво за родителите.

Методи кои се користени за собирање на податоци

- ✓ Интервју со Стручна служба
- ✓ Анкети со наставници, ученици и родители

Резултатите од анкетата со родителите покажуваат високо ниво на задоволство од комуникацијата со училиштето, особено преку класните раководители, е-дневникот и родителските средби. Истовремено, дел од родителите наведуваат ограничена вклученост поради работни обврски, што особено се забележува во стручното образование, и упатува на потреба од пофлексибилни форми на соработка.

И покрај преземените активности и воведените дигитални алатки за комуникација, извештаите укажуваат дека квалитетот и интензитетот на соработката со родителите не е секогаш на посакуваното ниво, најчесто поради презафатеност или повремена незаинтересираност на дел од родителите. Како и во претходните години, евидентно е послабо присуство и вклученост на родителите во стручното образование, додека ангажманот на родителите во гимназиското образование е значително поголем.

Подрачје: УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

Резултати:

Клучни јаки страни:

- Во училиштето владее позитивна, поддржувачка и безбедна училишна средина, што е потврдено од учениците, наставниците и родителите.
- Односите наставник – ученик се засновани на меѓусебно почитување, коректна комуникација и професионален пристап.
- Работната атмосфера меѓу наставниците е оценета како соработувачка и професионална, со добра комуникација со раководството.
- Кодексот на однесување е јасно дефиниран, видливо истакнат и во најголем дел се почитува од учениците и вработените.
- Училиштето обезбедува функционални механизми за информирање и комуникација со родителите (е-дневник, родителски средби, отворени денови).
- Конфликтните ситуации се решаваат навремено и институционално, со вклучување на стручните служби и родителите.
- Училиштето покажува отвореност за професионален развој и воведување нови наставни пристапи.

Слабости:

- Ученичката партиципација во донесувањето одлуки не е доволно рамномерна и не сите ученици се чувствуваат подеднакво вклучени.
- Дел од учениците и родителите не ги користат целосно можностите за комуникација, иако постојат.
- Неоправданото изостанување од наставата останува најчеста причина за изрекување педагошки мерки.
- Вклученоста на родителите во стручното е пониска во споредба со гимназиското образование.

Подрачје: Училишна клима и односи во училиштето

<u>Анализа на резултатите:</u>

Анализата на собраните податоци од прегледаната документација, интервјуата со стручната служба и спроведените анкети со ученици, наставници и родители укажува дека училиштето обезбедува стабилна, безбедна и поддржувачка училишна клима. Односите меѓу сите чинители во воспитно-образовниот процес се карактеризираат со заемно почитување, коректна комуникација и соработка.

Анкетните резултати потврдуваат дека учениците во најголем дел се чувствуваат прифатено и безбедно, наставниците ја оценуваат работната атмосфера како професионална и мотивирачка, а родителите изразуваат високо ниво на задоволство од комуникацијата и соработката со училиштето.

Истовремено, анализата укажува и на одредени предизвици, како што се неоправданото изостанување од наставата, нерамномерната ученичка партиципација и послабата вклученост на дел од родителите, особено во стручното образование. Овие наоди укажуваат на потреба од континуирана превентивна работа, јакнење на партнерскиот однос со родителите и дополнително поттикнување на активното учество на учениците во донесувањето одлуки.

Врз основа на целокупната анализа може да се заклучи дека училиштето располага со јасно дефинирани механизми за одржување на позитивна училишна клима, еднаквост и правичност, како и за промоција на постигањата, при што идентификуваните слабости претставуваат реална основа за понатамошно планирање и унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа.

Приоритети потподрачја:

- *Јакнење на ученичката партиципација преку поактивна улога на Ученичкиот парламент и вклучување на учениците во донесување одлуки што директно ги засегаат.*

- *Намалување на неоправданото изостанување преку засилени превентивни и советодавни активности со учениците и родителите.*
- *Дополнително зајакнување на позитивната училишна клима преку систематска превенција на несоодветно однесување и промоција на почитување, толеранција и соработка.*
- *Подобрување на механизмите за прибирање и користење на повратни информации од учениците, наставниците и родителите при планирање на развојните активности.*

Потпис на членовите на комисијата:

1. Сања Данева_____
2. Сунчица Здравкова_____
3. Надица Кузелова Јованова_____
4. Христина Салтирова_____
5. Василка Голубова_____
6. Валентина Тодевска Тричковски_____

ПОДРАЧЈЕ БР. 6: РЕСУРСИ		
Бр.	**Индикатор за квалитет**	**Теми**
6.1.	**Сместување и просторни капацитети**	• Просторни услови • Искористеност на просторните капацитети
6.2.	**Наставни средства и материјали**	• Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала • Училишна библиотека • Потрошен материјал • Училишна реална или виртуелна компанија • Училишни работилници за практична обука опремени со машини, уреди, апарати и алати
6.3.	**Обезбедување на потребниот наставнички кадар**	• Број на вработени и соодветност на наставничкиот кадар • Ефективност и распоредување на кадарот • Стручна служба како поддршка на наставничкиот кадар
6.4.	**Следење на развојните потреби на наставничкиот кадар**	• Професионален и кариерен развој на наставниците
6.5.	**Финансиско работење во училиштето**	• Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење • Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет

ПОДРАЧЈЕ 6. РЕСУРСИ

6.1. Сместување и просторни капацитети

Теми:

Искористеност на просторните капацитети

Просторни услови

Прегледани документи

- Годишна програма за работа;
- Распоред на часови;
- Записници од работата на стручните активи;
- Интервју со директор;
- Интервјуа со наставниците (и помошниците директори за настава).

Собрани податоци

Наставата во Средното општинско училиште „Кочо Рацин“ се одвива во релативно одржани училишни објекти кои располагаат со училници кои се адаптирани за одвивање на настава.

Капацитетите со кои располага се оптимално искористени и се достапни за користење на сите членови на училиштето. Наставата се реализира во две просторно оддалечени училишни згради.

Во едната зграда (гимназиска), лоцирана во центарот на градот, заеднички простории за наставниот кадар има, но просторно се недоволни.

Во внатрешниот простор на гимназиската зграда постојат:

Подрум

- кабинет по музичка култура-56 м2

Приземје

- 1 кабинет по физика – 56м2
- помошна просторија на кабинет по физика -14м2

- 1 кабинет по информатика 50,5м2
- 3 училници од по 56м2
- библиотека која се наоѓа во холот на училиштето
- санитарни простории за учениците (машко и женско)
- просторија адаптирана за дежурни ученици со разглас

Прв спрат

-1 кабинет по хемија 56м2
- помошна просторија на кабинет по хемија – 14м2
- 3 училници од по 56м2
- санитарни простории за учениците (машко и женско)

Втор спрат

-1 кабинет по биологија 56м2
- помошна просторија – 14м2
- 1 училница од 50,5м2
- 3 училници од по 56м2
- санитарни простории за учениците (машко и женско)

Канцеларии

- канцеларија на директор 24м2
- канцеларија на секретар 12,5м2
- канцеларија на книговодство 12,5м2
- наставничка канцеларија 37м2

- канцеларија на помошен директор 12,5м2
-канцеларија на архива 12,5м2
- канцеларија на педагошка служба 12,5м2
- помошна просторија - 12,5м2
- 1 просторија за помошен персонал
- санитарна просторија за наставниците.

Санитарните јазли за учениците се потполно нови и се адаптирани според потребите на учениците. Постои потреба од реновирање на санитарните јазли за наставниците.

Големината на училниците соодветствува со бројот на учениците по паралелки.

Прозорите на училниците на сите катови, а исто така и прозорите кои се наоѓаат од западната страна на ходникот на приземје се во добра состојба. Заменета е влезната врата на гимназиската зграда.

Во задниот дел на дворот поставена е балон сала за потребите на училиштето, но се уште не е пуштена во употреба. Во дворот на училиштето има спортски терен, игралиште за ракомет, кое е делумно уредено и заградено.

Кровната конструкција на училиштето е дотраена и има потреба од нејзино реновирање, заедно со фасадата.

Во другата зграда (земјоделска), лоцирана на влезот од градот постојат:

-1 помошна просторија - 82,5м2

Зграда 1

- 2 училници од по 59м2
- 2 училници од по 57м2

- 1 училница која фунционира како помошна канцеларија е 59,5м2
- 1 училница од 44м2
- 2 училница од 29м2
- 1 училница од 25м2
- 1 училница од 30,5м2
- санитарни простории за учениците (машки и женски)

Зграда 2

- 1 училница (под скали) 33,5м2
- библиотека 12,5м2

Приземје

- 4 училници од по 35м2
- санитарни простории за учениците (машко и женско)

Прв спрат

- 1 училница од 58м2
- 4 училници од по 35м2
- санитарни простории за учениците (машко и женско)

Канцеларии

- канцеларија за помошен директор 18,5м2
- наставничка канцеларија 72м2
- канцеларија за стручна служба 12м2

- санитарни простории за наставниците

Санитарните јазли се доволни и адаптирани според потребите. Поставени се нови санитарни елементи.

Просторот кој се користеше како сала за спорт и спортски активности во земјоделската зграда не ги задоволува потребите за изведување на наставата.

Училиштето има план и распоред за употреба на расположливите средства и капацитети за изведување на наставата со што делумно ги задоволува потребите на учениците.

За изведување на наставата по спорт и спортски активности училиштето располага со два спортски терени.

Често наставата се изведува во градската спортска сала Цар Самоил.

Наставата се изведува во една смена во двете училишни згради.

Постојат летниковци на парковската површина пред Ученичкиот дом за потребите на учениците и вработените и можност за изведување на практична настава. Комлетно се реновирани Ученичкиот дом и една зграда во која се изведува настава во стручното образование.

Во врска со овој индикатор се јавуваат следниве потреби:

-адекватно опремени простории за одделните профили - за машинска и за земјоделско-ветринарна струка;

-промена на асфалтот на спортските терени;

-потреба и набавка на нови спортски реквизити;

-потреба од адекватна соблекувална за учениците кои треба да се подготват за час по спорт и спортски активности;

-кабинетска настава во земјоделската зграда;

-потреба од кабинет по музичко образование, кабинети по ликовна уметност и други кабинети по одредени стручни предмети;
-потреба од сала за спорт и спортски активности во земјоделската зграда;
-реновирање на внатрешниот простор во втората зграда во која се одржува настава за стручното образование;
-објекти за реализација на дел од образовно-работната практика

6.2. Наставни средства и материјали

Теми:

Училишна библиотека
Потрошен материјал

Прегледани документи	**Собрани податоци**
✓ Непосреден увид во документацијата на училиштето за набавување на стручна литература и наставни помагала ✓ Пописна листа ✓ Увид во библиотечната евиденција	*Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала* Библиотеката располага со литературни и лектирни изданија, но дел од нив се стари наслови кои повеќе не се во употреба. Евиденцијата во библиотеката се води уредно, но има потреба од компјутер за компјутерско водење на истата. Училиштето има недостиг на понови изданија на стручна литература и современи нагледни средства. Библиотеката располага со стручна литература којашто по број и квалитет делумно ги задоволува потребите на учениците и наставниците. Стручната литература е застарена. Поради недостиг од неа,

- ✓ Разговор со одговорното лице
- ✓ Разговор со наставниците,стручната служба и директорот
- ✓ Разговор со учениците
- ✓ Документација за планирани и набавени потрошни материјали
- ✓ Самоевалуација на училиштето и план за развој на училиштето
- ✓ Записници од стручни активи

одговорните лица за библиотечниот фонд постојано поднесуваат барања за обновување на истиот со нови изданија.
Набавениот потрошен материјал ги задоволува основните потреби на училиштето (хартија, креди, маркери за табли и сл.).

Постои Интернет конекција која овозможува примена на современи методи во наставата. Наставниците можат да ги користат ЛЦД телевизорите кои ги има во неколку училници.
Во земјоделската зграда училниците не се опремени со компјутери, освен што кабинетот по информатика е опремен со компјутери. Овозможена е Интернет конекција во двете училишни згради.

Во гимназиската зграда во просториите за стручната служба, за архивата, за секретарката и за директорката има компјутери и Интернет конекција. Сепак, компјутерите се стари и има реална потреба од нови.
Информатичката опрема не ги задоволува потребите на наставниците и учениците.

Во училиштето функционира една библиотека во двете училишни згради која располага со книжен фонд кој во најголем дел се лектирни изданија, а помалку белетристика и стручна литература. Одговорните лица ги имаат во предвид потребите од нови изданија и доставуваат барања за набавка на истите.
Книжниот фонд делумно ги задоволува потребите на учениците.
По извршениот увид во фактичката состојба и по прашалникот за ученици може

да се заклучи дека книжниот фонд е недоволен и делумно ги задоволува потребите на учениците со оглед на бројот на учениците.

Речиси и да нема стручна литература за одделните струки кои постојат во нашето училиште која им е неопходна на учениците и наставниците.

Училишната библиотека работи во една смена во текот на учебната година. Книжниот фонд е добро подреден, просторот е рационално исполнет, а евиденцијата се води навремено и според прописите. Постои програма за библиотечно работење.

Вкупниот број на книги изнесува 23.428 + 4025 - во двете училишни згради. Од тие 85% се лектирни изданија, 10 % се стручна литература и 5% се други наслови.

Библиотеката не е опремена со компјутер.

Набавениот потрошен материјал (пенкала, хартија, креди и сл.) ги задоволува потребите на наставниците и учениците. Не постои план за набавување на потрошен материјал.

Во гимназиската зграда има два фотокопира за потребите на училиштето.

Има 1-ЛЦД проектор кој се користи како аудио-визуелно средство во текот на наставниот процес, 1- разгласна станица и 5 телевизори.

Во другата зграда (земјоделска) само две училници се опремени со комјутери. Има еден ЛЦД проектор и 3 телевизора, фотокопир и скенер и две смарт табли.

Во врска со овој индикатор се јавуваат следниве потреби:

-изготвување на план за набавка на потрошен материјал;

-набавка на нагледни средства, стручна литература и збогатување на книжниот фонд на училишната библиотека;

-да се набави дополнителна ИКТ опрема за непречено одвивање на ИКТ наставата;
-набавка на фотоапарати кои би се користиле за интерни потреби;
-набавка на фотокопири и хартија за разни потреби на наставниците;
-адаптирање на помошни простории (соблекувална) за учениците од земјоделската зграда.

6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар

Теми:

Ефективност и распоредување на кадарот
Стручната служба како поддршка на наставниот кадар
Број на вработени и соодветност на наставниот кадар

Прегледани документи	**Собрани податоци**
✓ Увид во досиејата на вработните ✓ Интервју со секретар ✓ Увид во правилникот за систематизација ✓ Разговор со директорот и со наставниците	СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе во чиј состав работи и ученички дом во учебната 2023/2024 година имаше вкупно 73 вработени. За вработените е направен табеларен преглед на раководниот кадар, даватели на јавни услуги (наставниот кадар, стручните соработници и воспитувачи), административниот кадар, помошно-техничките лица по статус, пол, старосна структура и степен на образование.

- ✓ Годишна програма за работа на училиштето
- ✓ Програма за работа на стручната служба
- ✓ Образец за набљудување на час од стручната служба
- ✓ ЕМИС и ХРМ системи

Раководен кадар

Р.бр	***Работно место***	***Број на работни места***	Полова структура	
			м	ж
1	**Директор**	**1**		1
2	**Помошник директор за настава**	**2**	2	

Даватели на јавни услуги (наставен кадар и стручни соработници), административен кадар и помошно-технички лица-во училиштето

Р.бр	**Работно место**	***Број на вработени***	полова структура		на неопределено работно време		на определено работно време	
			м	ж	со полно работно време	со непол но работ но време	со полно работно време	со неполно работно време
1	**Стручни соработници**	**5**	1	4	5	/	/	***/***
2	**Наставен кадар**	**48**	21	27	33	3	5	7
3	**Административни работници**	**4**	1	3	4	/	***/***	***/***
4	**Помошно-техничка служба**	**13**	7	6	13	/	/	***/***

- ***Старосна структура на вработени***

Години	*Број на вработени*
20-30	**1**
31-40	**13**
41-50	**20**
51-60	**36**
Над 61	**3**
Вкупно	**73**

- **СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ**

Образование	*Број на вработени*
Високо образование	**57**
Средно образование	**15**
Основно образование	**1**

СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе во чиј состав работи и ученички дом во учебната 2024/2025 година имаше вкупно 71 вработен. За вработените е направен табеларен преглед на раководниот кадар, даватели на јавни услуги (наставниот кадар, стручните соработници и воспитувачи), административниот кадар, помошно-техничките лица по статус, пол, старосна структура и степен на образование.

Раководен кадар

Р.бр	***Работно место***	***Број на работни места***	Полова структура

			м	ж
1	**Директор**	**1**		1
2	**Помошник директор за настава**	**1**	1	

Даватели на јавни услуги (наставен кадар и стручни соработници), административен кадар и помошно-технички лица-во училиштето

Р.бр	**Работно место**	***Број на вработени***	полова структура		на неопределено работно време		на определено работно време	
			м	ж	со полно работно време	со непол но работ но време	со полно работно време	со неполно работно време
1	**Стручни соработници**	**5**	1	4	5	/	/	***/***
2	**Наставен кадар**	**48**	21	27	35	4	3	6
3	**Административни работници**	**3**	1	2	3	/	***/***	***/***
4	**Помошно-техничка служба**	**13**	7	6	13	/	/	***/***

- ***Старосна структура на вработени***

Години	***Број на вработени***

20-30	**2**
31-40	**14**
41-50	**18**
51-60	**33**
Над 61	**4**
Вкупно	**71**

- **СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ**

Образование	***Број на вработени***
Високо образование	**56**
Средно образование	**14**
Основно образование	**1**

Наставниот кадар е во согласност со нормативите. Училиштето има обезбедено доволен број на наставен кадар. Сите наставници се со стекнато високо образование.

Сите наставници се имаат стекнато со педагошка, психолошка и методска квалификација за извршување на наставниот процес освен наставниците-приправници. Работата на наставниот кадар е соодветно надополнета и олеснета од страна на административно-техничкиот персонал.

Целиот персонал е редовно присутен во извршувањето на работните обврски, без разлика дали наставата се одвива онлајн или со физичко присуство. Сите отсуства од работа навремено се пријавуваат кај работодавниот орган.

Отсуствата од работа се во согласност со Законот за работни односи и се евидентираат кај надлежната служба (правно - административна).

Според евиденцијата повремено има оправдани отсуства, но со цел да нема прекин во наставниот процес отсутните наставници се пријавуваат кај помошниците директори за настава и навремено се прави нов дневен распоред. Постои дневник за евиденција во кој се наведува кој наставник ги заменува отсутните наставници, било да е за еден час, за неколку часови, за целодневно или повеќедневно отсуство. Задолжителното присуство на наставничките и класните совети се евидентира на посебен список.

Училиштето има стручна служба која им помага на наставниците во организација на наставата, во следењето на напредокот на учениците, во справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и во давање советодавна помош на учениците. Редовно врши набљудување на часови. Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа – работилници или анкети со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка.

Во врска со овој индикатор се јавуваат следниве потреби:

- реална потреба од фотокопир кој ќе биде исклучиво наменет за потребите на наставниците.

6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Теми:

Професионален и кариерен развој на наставниците

Прегледани документи

- ✓ Интерни акти;
- ✓ Разговор со стручната служба; наставниците и директорот
- ✓ Програма за професионален развој на наставниот кадар;
- ✓ Листи од спроведени интерни обуки;
- ✓ Сертификати за посета на семинари и обуки.

Собрани податоци

Во секое време училиштето води стратегија за обезбедување на професионалниот кадар и ја обезбедува потребната поддршка согласно колективните и индивидуалните потреби на наставниците. На наставниците им се одржуваат обуки, организирани и од самите наставници во вид на десеминации, а со тоа се постигнуваат и подобри резултати во изработката на годишните и тематските планови и воопшто во реализацијата на наставата. Сепак, наставниците имаат потреба од повеќе интерни обуки за нивно усовршување.

Во училиштето се реализираат повеќе проекти во соработка со локалната и деловната заедница.

Проекти кои се реализирани надвор од нашето училиште се проектите помогнати од програмата Erasmus+ во кои се вклучени наставници и ученици. Реализирани беа проекти во повеќе европски држави. Се очекува наставниците да продолжат да ги реализираат проектите од горенаведените програми поврзани и со гимназиското и со стручното образование.

Волонтерите (ученици) од Црвен крст редовно се вклучуваат во проекти за

хуманитарни потреби.

Во изминатата 2023/2024 учебна години, како и во 2024/2025 континуирано се одвива соработка со УЈП и се реализира едукација за учениците од четврта година на тема - „Фискална едукација-даночна едукација“. Исто така претставници од МВР и од Центарот за социјална работа редовно одржуваат предавања за рана детекција на користење на психоактивни супстанци и за разрешување на конфликти.

Училиштето има внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот за нивен професионален развој. Постои Правилник за наградување-се доделуваат признанија и благодарници за активно и континуирано учество во интерни проекти и активности.

На наставниците приправници, училиштето им овозможува помош преку назначување на ментори. Секој приправник добива ментор кој ја следи работата на приправникот и му помага во работата за време на приправничкиот статус и за полагање на стручен испит.

Стручната служба уредно води портфолија за професионален развој на наставниот кадар, односно професионални досиеја во кои се евидентираат сите инструменти за наставата - признанија, сертификати, дипломи и сл. Овие професионални досиеја континуирано се ажурираат.

Во врска со овој индикатор се јавуваат следниве потреби:

-наставниците да имаат можност да влијаат на изборот на теми и облици на

стручното усовршување во училиштето;

-да се организираат повеќе обуки за наставниците.

6.5 Финансиско работење на училиштето

Теми:

- Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење
- Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет

Прегледани документи	**Собрани податоци**
✓ Годишна програма за работа; ✓ Административна служба; ✓ Разговор содиректор; ✓ Разговор со наставници; ✓ УО; ✓ Записници и одлуки на УО; ✓ Разговор со Советот на родители; ✓ Реализација на јавни набавки.	Сите постапки поврзани со финансиско работење коишто ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми и прописи. Раководниот кадар има разбирање за механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства при што редовно се следи наменското трошење на овие средства. Училишниот одбор е запознат со финансиските активности на училиштето. Во училиштето постои Комисија за јавни набавки која ги познава и работи според сите правилата и прописите поврзани со реализацијата на јавните набавки. Училиштето навремено ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Одговорните лица редовно дискутираат за информации поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределување на финансиските средства. Раководниот кадар постојано ги консултира сите вработени кога тоа е потребно

и на соодветно ниво на деталност.

Целиот буџет се користи наменски и за креативни цели кои се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата, учењето и развојот на училиштето во целина.

Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето.

Подрачје: РЕСУРСИ

Методи кои се користени за собирање на податоци	**Собрани информации**
✓ Прашалник за ученици	На прашањата дали учениците редовно добиваат лектирни изданија 60%од учениците одговориле дека нивните потреби не се целосно задоволени. Според одговорите учениците сметаат дека постојано треба да се обновува библиотечниот фонд за да се задоволат нивните потреби како за лектирни изданија, така и за белетристика и стручна литература. Најчести предлози за збогатување, за промена на библиотечниот фонд се: -предлозите од учениците да се земат во предвид кога се врши нарачка на книги: -постојано да се обновува библиотечниот фонд. 80% од испитаните наставници се изјасниле дека имаат потреба од обуки за стручно усовршување на наставниците, а 20% дека немаат потреба од дополнителни обуки. На прашањето „Дали наставниците имаат можност да влијаат на

изборот на теми и облици на стручното усовршување во училиштето“, 35%од испитаниците сметаат дека имаат можност да влијаат на изборот на теми и облици на стручното усовршување во училиштето, а 65% сметаат дела немаат можност да влијаат.

- ✓ Прашалник за наставници

На прашањето дали имаат потреба од обука за работа со деца со посебни потреби 90% сметаат дека имаат потреба, а 10% одговориле со негативен одговор.

100% од испитаниците се согласуваат дека во училиштето се спроведуваат анкети поврзани со наставата, редовноста, училишната клима, како и воннаставните активности.

Наставниците сметаат дека недостасуваат ЛЦД-проектори, видео материјали и печатачи.

- ✓ Разговор со наставници

На прашањето „Дали училиштето има прифатено проекти кои му донеле материјална или техничка корист“ – 70% од испитаниците одговориле да, 30% одговориле негативно.

На прашањето дали наставниците имаат потреба од дополнителна обука од областа на ИКТ, 50% одговориле со да, а 50% со не.

- ✓ Прашалник за наставници

На прашањето дали вработените имаат увид во постапките кои се преземаат за финансиското работење – 15% од испитаниците одговориле да, 35% одговориле не знам и 50% одговориле не.

Дали вработените редовно се информирани за училишниот буџет и трошоците – 10% од испитаниците одговориле да, 50% одговориле

нез нам и 40% одговориле не.

- Интервју со педагог

Дали во училиштето се изработуваат проекти со кои се конкурира за добивање на финансиски средства и техничка помош - 80% од испитаниците одговориле да, 20% одговориле не знам, и нема испитаници кои се изјасниле со не.

Генерално сите вработени се присутни на работните места, но потребно е да имаат попорофесионален пристап кон извршување на обврските.

Подрачје: РЕСУРСИ

Резултати:

Клучни јаки страни:

- ✓ Раководниот кадар и останатите вработени одржуваат добри односи со јавноста;
- ✓ Училиштето има обезбедено доволен број на наставници за непречено одвивање на наставниот процес;
- ✓ Наставниците ефективно даваат придонес во рамките на стручните активи;
- ✓ Училиштето развива меѓународна соработка со помош на проектите реализирани од програмата Еразмус+ и успешно ги реализира истите, а исто така потпишува меморандуми за соработка;
- ✓ Снабдувањето со телевизори во сите училници во гимназиската зграда;
- ✓ Обезбедувањето на нови клупи и неколку клима уреди во одредени училници;
- ✓ Реконструкцијата на едната зграда во која се одвива наставата за стручното образование.

Слабости:

- ✓ Недостаток од фискултурна сала и во стручниот дел;
- ✓ Неопремени училници со нов инвентар;
- ✓ Недоволна опременост на училниците со телевизори во сите училници во земјоделската зграда;
- ✓ Недостаток од современи нагледни средства и помагала, особено во стручниот дел;
- ✓ Училиштето е делумно опремено со стручна литература;
- ✓ Недостаток од обуки за усовршување на наставниот кадар, а воедно и на наставниот процес.

Подрачје:РЕСУРСИ

Анализа на резулатите:

Средното општинско училиште „Кочо Рацин“ располага со капацитети оптимално искористени и достапни за користење на сите членови на училиштето. Наставата се реализира во две просторно оддалечени училишни згради.

Училиштето има план и распоред за употреба на расположливите средства и капацитети за изведување на наставата. Наставата се изведува во една смена.

Училиштето располага со стручна литература којашто по број и квалитет делумно ги задоволува потребите на учениците и наставниците. Стручната литература е застарена. Книжниот фонд делумно ги задоволува потребите на учениците.

Наставни помагала има во мал број, а повеќето од нив се дотраени или се надвор од функција.

Резултатите покажуваат дека е потребно да се набават телевизори во ситер училници во стручниот дел.

Сите наставници се стекнати со педагошка, психолошка и методска квалификација за извршување на наставниот процес освен наставниците-приправници. Работата на наставниот кадар е соодветно надополнета и олеснета од страна на административно-техничкиот персонал.

Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка.

Училиштето води стратегија за обезбедување на професионалниот кадар и ја обезбедува потребната поддршка согласно колективните и индивидуалните потреби на наставниците.

Поддршката на наставниците се гледа и во организирање обуки во училиштето и преку посета на семинари на дел од наставниците кои потоа извршуваат десеминација на останатите наставници.

Училиштето има внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот за нивен професионален развој. Постои Правилник за наградување-се доделуваат признанија и благодарници за активно и континуирано учество во интерни проекти и активности.

Постапките поврзани со финансиско работење коишто ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми и прописи.

Проектите реализирани со помош на програмата Еразмус+ се од голема важност и за наставниците и за учениците.

Приоритетни подподрачја:

- ✓ Очекување на изградба на спортска сала во стручниот дел;
- ✓ Опремување на сите училници со смарт табли за потребите на наставниот процес;
- ✓ Адаптирање на библиотеката во медиотека и осовремување на библиотечниот фонд со стручна литература;
- ✓ Училишната библиотека да се збогати со стручна литература и со нови лектирни изданија по новите програми;
- ✓ Да се воспостави хармонична средина во која ќе може непречено да се организира воспитно-образовниот процес и да се постигнуваат предвидените цели и резултати.

Потпис на членовите на комисијата:

1. Ангела Маркова _____
2. Јасмина Јованчева _____
3. Ленче Трајкова_____
4. Игор Манев _____
5. Силвија Накова _____

ПОДРАЧЈЕ БР. 7: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА		
Бр.	**Индикатор за квалитет**	**Теми**
7.1.	**Управување и раководење со училиштето**	• Управување со училиштето • Раководење со училиштето
7.2.	**Цели и креирање на училишната политика**	• Јасност и соодветност на целите • Процедури за креирање на училишната политика
7.3.	**Развојно планирање**	• Цели на развојното планирање • Професионален развој/стручно усовршување на кадарот • Материјалнотехнички средства • Инфраструктура

Подрачје 7. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

7.1 Управување и раководење со училиштето

- Управување со училиштето
- Раководење со училиштето

Прегледани документи

- ✓ Деловник за работа на училишниот одбор
- ✓ Статут на училиштето
- ✓ Записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор
- ✓ Самоевалуација
- ✓ План за развој на училиштето
- ✓ Интервју со УО
- ✓ Интервју со директорот
- ✓ Информирање на вработените за одлуките на УО - записници од наставнички совет

Собрани податоци

Управување и раководење со училиштето

Структурата на раководење во училиштето се состои од: Училишен одбор, Совет на родители, директор на училиштето и помошен директор во стручното образование.

Училишниот одбор е составен од 12 члена од кои четворица претставници од наставниците, тројца од основачот (Општина Свети Николе), еден претставник назначен од МОН, тројца претсавници од Советот на родители и еден претставник од бизнис заедницата.

Структурата за управување во училиштето одговара на сите параметри т.е половата застапеност е правична. Во структурата на раководење и управување со училиштето по однос на националниот состав сите се Македонци.

Надлежности за управување и административни задачи се јасно дефинирани и се во склад со Законот за средно образование.

- ✓ Програма за работа на директорот
- ✓ Програма за професионален развој на директорот
- ✓ Годишна програма за работа на училиштето
- ✓ Програма за работа на стручните соработници
- ✓ Записници од состаноци на раководниот тим
- ✓ Одлука за именување на раководители за настава
- ✓ Одлуки за вработените за извршување на одредени задачи кои се во интерес на развојот на училиштето

Раководниот тим при разрешувањето на проблемите во училиштето е во постојан контакт и консултации со вработените во училиштето, а особено со наставничкиот кадар.

Консултации се вршат со: училишен одбор, советот на родителите, наставничкиот совет, советите на паралелките и други комисии и работни групи.

Состаноци на раководниот тим се одржуваат редовно и по потреба. Членовите се редовни на состаноците, така што нема случаи на одлагање на истите. Состаноците ги води претседателот на органот или претседателот на соодветното тело, а во негово отстуство состанокот го води заменикот на претседателот.

Средбите на УО се документирани како записници. Со годишната програма за работа на училиштето, раководниот тим е обврзан да одржува редовни состаноци. По потреба, се одржуваат и други вонредни состаноци. Состаноците ги организира и води претседателот на училишниот одбор, кој е и одговорен за присуството на состаноците. Редовноста на членовите е евидентирана во записниците, од кои може да се види дека таа е на високо ниво. Раководниот тим соработува со другите субјекти во училиштето. За својата работа се консултира и ги известува наставниците преку наставнички совети, огласна табла и личен контакт. На состаноците на УО секој може да присуствува по претходно одобрение (повик од страна на членовите. Најчесто тоа може да бидат вработените во училиштето.

За обезбедување на присуство на членовите се грижат стручните лица во училиштето, како и директорот на училиштето. На состаноците редовно присуствува и директорот на училиштето, стручниот соработник, секретарот, а по потреба и други административни работници.

Училиштето се залага за исполнување на нови проекти, го потикнува работењето на наставниците на полето на изготвување на проекти, унапредување на информатичка технологија, зајакнување на образовните техники и методи.
Сето тоа е поткрепено со обуки на професорите кои своето знаење го презентираат преку учество на многу проекти на државно и меѓународно ниво.

Раководниот тим остварува соработка со сите субјекти кои го сочинуваат наставниот процес во училиштето.

Комуникацијата и соработката со наставниците се одвива секојдневно преку секојдневните контакти и преку наставнички совет на кој се донесуваат заклучоци и одлуки кои раководниот тим е должен да ги реализира.

Со родителите соработката е преку Одборите на родители на паралелките, Одбори на родители на годините и Советот на родители.
Учениците преку класните заедници и Младинската училишна заедница остваруваат соработка со раководниот тим и со стручната служба.

Раководниот орган знае како објективно да го оцени квалитетот на вработените, да го вреднува нивниот придонес во тимската работа и како да ја промовира добрата практика што постои во училиштето. Донесува одговорни одлуки. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата што се заснова врз најнови знаења и вештини, вклучувајќи и способност ефективно да делегира, комуницира и да раководи со вработените и нивниот развој. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Детектира и се фокусира на јасни приоритети воочени во развојниот план преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето.

Училиштето на секои две години реализира самоевалуација од која произлегува изработката на развојниот план. Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во поширокаата заедница.

Раководниот орган го заснова своето работење врз тимска работа преку вклучување на вработените во процесот на развој на политики, планирање и обезбедување квалитет. Раководниот орган подготвува програма за неговото работење која произлегува од развојниот план на училиштето во насока реализирање на позитивни практитки во работењето.

Извршена е анкета со наставниот кадар (34), интервју со директорот и претседателот на Училишниот одбор, преку кои се согледува работата на директорот како раководен орган и работата на Училишниот одбор како управувачки орган.

7.2 Цели и креирање на училишна политика

- Јасност и соодветност на целите
- Процедури за креирање на училишната политика

Прегледани документи

- ✓ Статут на училиштето
- ✓ Годишна програма за работа на училиштето
- ✓ Записници со одлуки од одржани состаноци на Училишен одбор
- ✓ Закон за средно образование
- ✓ Интервју со престседател на Училишен одбор
- ✓ Записници од одражни сотаноци на Наставнички совет
- ✓ Деловник за работа на Училишен одбор
- ✓ Анкета со наставници, ученици и родители
- ✓ Правилници

Собрани податоци

Училиштето има Куќен ред и Правилници за дициплинска одговорност и дисциплински мерки. Се користат и позитивните законски прописи кои се однесуваат на овие прашања. Исто така постои кодекс на однесување на учениците и на наставниците.Во согласност со Куќниот ред и Правилниците класниот раководител, наставничкиот совет како и директорот можат да изречат педагошки мерки за ученикот во зависност од прекршкот.

Во училиштето нема примери за сексуално злоупотребување и дискриминација.

Одговорен за креирање на училишната политика е директорот, Училишниот одбор, социологот и педагогот. За креирање на училишната политика се информираат сите заинтересирани субјекти: Наставниците преку наставнички совети, огласни табли; Родителите преку средби со советот на родители, родителски средби на ниво на паралелка; Учениците преку класните часови, средби со Ученичката заедница и Младинската училишна заедница.

За унапредување на здравјето на учениците се спроведуваат редовни систематски прегледи и вакцинирање на учениците, на класните часови се одржуваат предавања на одредени теми поврзани со здравјето, а редовна е

соработката и со Црвениот крст и други здравствени институции и стручни лица (најразлични предавања, дискусии, делење на брошури, итн).

Училиштето постојано и континуирано ги подобрува училишните политики за да го унапреди квалитетот за работа во училиштето, за инклузија, меѓуетничка интеграција во образованието, младинско учество, намалување на сите видови на насилства во училиштето како и семејното насилство, еднаков пристап до квалитетно образование за сите и антикорупциска едукација на учениците.

Во училиштето постои обучен тим составен од ученици волонтери во Црвениот крст. Истите земаат учество на сите организирани активности од страна на општинскиот Црвен крст (натпревари, работилници итн.).

Училиштето е подготвено за преземање на мерки за заштита, спасување и помош на луѓето, материјалните вредности и објектите во услови на нивно загрозување од разни опасности.

На учениците кои се посебно талентирани и остваруваат одлични резултати, училиштето им овозможува и организира консултации и додатна настава, учество на натпревари, и сл, а за учениците со послаби резултати се организира дополнителна настава.

Во училиштето наставата се следи на македонски јазик, а од странските јазици како прв се изучува англискиот јазик, а како втори се изучуваат францускиот (во сите години) и италијанскиот јазик (во сите години).

7.3 Развојно планирање

- Цели на развојното планирање
- Професионален развој/стручно усовршување на кадарот
- Материјалнотехнички средства
- Инфраструктура

Прегледани документи

- ✓ Годишната програма за работа на училиштето
- ✓ Развојна програма
- ✓ Дневник на паралелката
- ✓ Годишни звештаи за работата на училиштето
- ✓ Записници од: - Наставнички совет - Училишен одбор - Совет на родители

Собрани податоци

7.3.1. Цели на развојното планирање

Одговорен за годишното планирање е директорот и училишниот одбор. Во изготвување на годишното планирање учествуваат директорот на училиштето, социологот и тим од социологот и одредени наставници. Годишното планирање ги опфаќа сите податоци кои се потребни реално да ја прикажат сликата за училиштето.

При планирањето се имаат во предвид просторните капацитети, бројот на учениците, паралелките, наставниот кадар, распределбата на часови, нагледните средства и материјали.

Планирањето се базира врз објективни податоци. Планирањето е реално затоа што се планира она што може да се реализира.

Се планира и уписната политика на кој начин би се зголемил бројот на учениците во гимназиските и во стручните паралелки и новитетите со дуалното образование.

Реализирањето на планираното постојано се следи од страна на

директорот на училиштето, од социологот, наставниците, училишниот одбор, советот на родители, учениците, родителите итн.

Целите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница. Во училиштето мисијата и визијата ја отсликуваат заложбата за меѓуетничка интеграција во образованието. Училиштето има акциски планови за поставените цели кои се усогласени со образовните политики на централно и на локално ниво и самоевалуацијата на училиштето. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката за нивното реализирање и постигнатите резултати. Училиштето ги зема предвид ставовите на наставниците, родителите, учениците и локалната заедница.

7.3.2 Професионален развој-стручно усовршување на кадарот

Потребата за стручно усовршување на кадарот се идентификува и се реализира преку вклучување на наставниците во разни облици на стручно усовршување.

7.3.3 Материјално-технички средства

Потребата од материјално-технички средства се согледува преку извештаите од стручните активи и истите се планираат во развојниот план на училиштето.

Материјално-техничките средства се значаен фактор за успешно реализирање на целокупниот воспитно-образовен процес. Тие

придонесуваат за зголемување на активност на учениците, зголемување на квалитетот на наставата и постигнување на подобри резултати. Училиштето ги идентификува потребите од обнова на застарените материјално - технички средства и потребата од нови материјално-технички средства.

7.3.4 Инфраструктура

Континуирано се ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата преку самоевалуација, а финансиските средства се обезбедуваат преку Градот, Министерството како и преку донатори и приходи од сопствени работилници.

Подрачје 7. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

Резултати:

Клучни јаки страни

- ✓ Во училиштето постојат услови за демократско одлучување;
- ✓ Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето и со истата се запознаени сите чинители на образовниот процес;
- ✓ Соработката со сите субјекти во училиштето е добра;
- ✓ Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето;
- ✓ Постигањата на учениците и промовирањето на училиштето се приоритет
- ✓ Во остварувањето на целите на училиштето се вклучени сите субјекти;
- ✓ Има современи наставни средства кои овозможуваат квалитетна настава;
- ✓ Условите за работа задоволуваат;
- ✓ Подобри можности на учениците за напредување во практична работа со дуалното образование;
- ✓ Училишните простории овозможуваат реализација на наставни и воннаставни активности ;
- ✓ Училишните простории адекватно се одржуваат и се на високо ниво од функционален, естетски и хигиенски аспект.
- ✓ Библиотеката е добро опремена и претставува поддршка на наставниот процес.
- ✓ Постојано се ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата;
- ✓ Училишниот одбор активно учествува во креирањето политики и води училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето, меѓуетничката интеграција во образованието и граѓанскиот активизам;
- ✓ Вработените навремено се информирани за донесените одлуки во училиштето;
- ✓ Раководниот тим креира политика која ги задоволува воспитно-образовните потреби на училиштето.

- ✓ Промените во образовниот систем успешно ги имплементира во училиштето;
- ✓ Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во поширокаата заедница во врска со реализација на Учење преку работа кај работодавач;
- ✓ Успешна реализација на состаноците во рамките на органите и телата во училиштето.

Слаби страни:

- ✓ Недоволба оспособеност на наставниците и стручните соработници за работа со ученици со посебни потреби;
- ✓ Неможност во целос да се реализира настава според наставните планови и програми по спорт и спортски активности поради немање на спортска сала;
- ✓ Намалена транспарентност во работата на Училишниот одбор;
- ✓ Недоволно учество на родителите во разни активности во училиштето;

Подрачје 7. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

Анализа на резултатите

Надлежностите на членовите на училишниот одбор се јасно дефинирани во Законот за средно образование и стаутот на училиштето. Тие се почитуваат и се извршуваат во нашето училиште.

Состаноците на Училишниот одбор се одржуваат со мнозинство од членовите и одлуките се донесуваат најчесто едногласно. Доколку нема кворум состанокот се одложува, што пртставува реткост за училишниот одбор

За успешно функционирање и организирање на работата на училиштето донесени се интерни правилници кои се во согласност со Законот за средното образование и Стаутот на училиштето (Правилник за наградување и оценување на учениците, Правилник за користење на учебници, Правилник за начинот за користење на компјутери и надомест на штета, Правилник за организирање на ескурзии, Куќен ред во училиштето).

Директорот заедно со помошниот директор за стручно образование и стручната служба (педагог, психолог и социолог) успешно ги согледуваат, координираат и ги обединуваат различните погледи и потреби на сите вклучени страни во образовниот процес.

Целите и приоритетите кои се поставени во програмските документи на училиштето (Програмата за работа на училиштето и развојниот план на училиштето) се реално и објективно дефинирани

Извршени се повеќе обуки и семинари за наставниот кадар, од кој некој се одржуваа онлајн во претходниот период, а некој со физичко присуство.

Училиштето врши континуирана поправка и набавка на материјално - технички средства во зависност од количината на расположливите финансиски средства.

За подобрување на квалитетот на наставата потребни се доопремување на кабинетите, како и реализација на практичната настава.

Приоритетни подподрачја

- ✓ *Стручно усовршување на наставниците и наставни програми за ученици со посебни потреби;*
- ✓ *Зголемување на учеството на родителите во разни активности во училиштето;*

- ✓ Нецелосна покриеност со интернет во зградите каде се стручните паралелки;
- ✓ Непостоење на правилник за наградување на наставниот кадар;
- ✓ Намалување на бројот на ученици;
- ✓ Обезбедување на материјални средства за остварување на сите идеи за подобрување на работата на училиштето како што се: тековно одржување на постоечките простории, награди за пофалени и наградени ученици и вработени како мотивација за напредување, набавка на потрошни нагледни средства за изведување на наставата.

Потпис на членовите на комисијата:

1. Марија Костадинова
2. Тодор Димов
3. Маја Гелева
4. Александра Стојковска
5. Биљана Трајанова
6. Влатко Цеков

ПОДРАЧЈЕ БР. 8: СОРАБОТКА СО ПАЗАРОТ НА ТРУД		
Бр.	**Индикатор за квалитет**	**Теми**
8.1.	**Технички аспекти на реализација на УПР**	• Системска усогласеност со националната рамка и законите за стручно образование • Организација и координација на процесот преку наставникот-координатор за УПР • Воспоставување на правна соработка преку меморандуми и договори со компании • Административна и здравствена подготвеност на учениците
8.2.	**Имплементација и ефекти од практичната обука**	Интегрирање на теоретските знаења со практичната примена во реална работна средина • Користење на современи технологии и индустриски ресурси кај работодавачите • Системско следење на напредокот преку Дневници за УПР и извештаи од ментори • Развој на професионални компетенции специфични за соодветните сектори
8.3.	**Степен на задоволство на вклучените страни**	Евалуација на квалитетот на менторската поддршка и подготвеноста на капацитетите • Перцепција на учениците и родителите за релевантноста на практичното учење • Ниво на соработка и комуникација меѓу училишните и деловните ментори • Повратни информации од работодавачите за дисциплината и потенцијалот на учениците
8.4.	**Стекнати вештини и перспективи за развој**	Постигнувања во делот на стручни, организациски и комуникациски вештини • Стратешки насоки за воведување на стимулативни мерки и стипендирање • Планирање на активности за подобрување на логистичката поддршка (превоз и оброк) • Професионална подготовка и кариерен развој за вклучување на пазарот на труд

Подрачје: Соработка со пазарот на труд

8.1. Технички аспекти на реализација на УПР

Прегледани документи

- ✓ Концепт за учење преку работа во Република Северна Македонија
- ✓ Упатствата за реализација на програма Учење преку работа и Феријална пракса
- ✓ Законот за наставници
- ✓ Законот за стручно образование и обука
- ✓ Програма за работа на на координаторот за учење преку работа
- ✓ Годишна програма за работа
- ✓ Наставни планови и програми по сектори
- ✓ Меморандуми за соработка со

Собрани податоци

Учењето преку работа (УПР) претставува темелен столб на современото средно стручно образование во Република Северна Македонија. Тоа е дизајнирано како стратешки механизам кој воспоставува директна и нераскинлива врска помеѓу теоретските знаења стекнати во училницата и практичните вештини кои се неопходни на пазарот на трудот. Во денешниот динамичен економски амбиент, овој процес не се третира само како дополнување на наставата, туку како суштинско партнерство помеѓу СОУ „Кочо Рацин“ и бизнис-заедницата. Нашата заедничка цел е создавање на висококвалификуван кадар кој е веднаш подготвен за вклучување во реалните производни и работни процеси.

Правна и стратешка рамка на реализацијата Имплементацијата на УПР во нашето училиште е строго регулирана и се темели на неколку клучни правни и стратешки документи кои ја гарантираат неговата валидност и квалитет:

- **Концепт за учење преку работа:** Овој документ го дефинира УПР како организиран процес каде ученикот ги постигнува дефинираните резултати од учењето преку решавање реални работни задачи кај работодавачот, под менторство на стручно лице.
- **Законска усогласеност:** Целокупниот процес е во согласност со

компании

- ✓ Прашалници за самоевалуација
- ✓ Дневници за УПР

Законот за стручно образование и обука и *Законот за наставници и соработници*. Овие акти ја дефинираат новата и клучна улога на **наставникот-координатор за УПР**, кој делува како професионален мост помеѓу училиштето, учениците и компаниите.

- **Стандарди за квалитет:** Системот на УПР подлежи на периодична и ригорозна самоевалуација, водена од насоките на Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО). Целта на оваа евалуација е преку реални податоци да се обезбеди континуирано унапредување на наставниот процес.

Цели на програмата и развој на компетенции Примарниот фокус на учењето преку работа кај работодавач е развојот на целосни професионални компетенции. Овој процес на учениците им овозможува:

Целите на учењето преку работа во СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе се насочени кон обезбедување квалитетно, функционално и пазарно релевантно стручно образование, преку интегрирање на теоретските знаења со практичната примена во реална работна средина. Преку системска соработка со работодавачите, УПР има за цел да придонесе кон целосен професионален развој на учениците.

Општи цели

- Поврзување на наставните содржини со реалните работни процеси кај работодавачите;
- Подобрување на квалитетот и релевантноста на стручното

образование;

- Намалување на јазот помеѓу образовниот систем и потребите на пазарот на труд;
- Зголемување на вработливоста на учениците по завршување на образованието;
- Развивање на култура на партнерство помеѓу училиштето и бизнис-заедницата.

Посебни цели

- Стекнување практични знаења и вештини согласно квалификациските стандарди;
- Оспособување на учениците за самостојно и одговорно извршување работни задачи;
- Развивање на професионална дисциплина и работна етика;
- Поттикнување на континуирано учење и професионален развој;
- Јакнење на улогата на наставникот-координатор и менторите кај работодавачите.

Практични вештини кои се развиваат преку УПР

Преку реализацијата на учењето преку работа, учениците стекнуваат низа практични и применливи вештини, прилагодени на струката и конкретното работно место. Овие вештини се развиваат преку активно учество во реални работни процеси и задачи.

Стручни и технички вештини

- Работа со современа опрема, алати, машини и технологии релевантни за струката;
- Примена на техничка и технолошка документација;
- Почитување на стандарди за квалитет, безбедност и заштита при работа;
- Следење на работни процедури и технолошки процеси;
- Решавање на конкретни работни задачи и проблеми во реална работна средина.

Организациски и работни вештини

- Планирање и организирање на работните активности;
- Почитување на работно време, правила и интерни процедури;
- Одговорно користење на ресурси и материјали;
- Водење основна работна евиденција и дневници.

Комуникациски и социјални (меки) вештини

- Ефективна комуникација со ментори, колеги и надредени;
- Тимска работа и соработка во работна средина;
- Прифаќање насоки, повратна информација и критика;
- Развивање професионален однос кон работните обврски.

Лични и професионални компетенции

- Самостојност и одговорност во извршување задачи;
- Развивање чувство за професионална етика;
- Приспособливост кон различни работни услови;
- Развивање самодоверба и мотивација за работа;

Подготвеност за вклучување на пазарот на труд по завршување на образованието.

Методологија на самоевалуацијата Овој извештај е резултат на длабинска анализа на подрачјето **„Соработка со пазарот на труд“**, опфаќајќи ги секторите: **Земјоделско-ветеринарна, Машинска и Хемиско-технолошка струка**. Успехот на овој модел на образование во нашето училиште директно зависи од квалитетот на планирањето, потпишувањето на договорите за практична настава и феријална практика, како и редовниот мониторинг.

За подготовка на овој документ, користена е методологија на триангулација на податоци, што вклучува:

- **Увид во педагошка и административна евиденција:** Преглед на дневници за УПР, портфолија на ученици и извештаи на менторите.
- **Анализа на инструменти за самоевалуација:** Обработка на прашалниците (Анекси 1-4) пополнети од страна на наставниците,

учениците, родителите и претставниците на компаниите.

Стручното училиште, каде опстојуваат три струки: земјоделско-ветеринарна, машинска и хемиско-технолошка струка од IV ниво – четиригодишно образование, дуален модел, ги има следните профили**:** агротехничар, техничар за агроменаџмент, техничар за органско производство (ТОП), техничар по ветеринарна медицина, машински техничар за моторни возила и прехранбен техничар.

СЕКТОР: ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРЕН

- Процесот е одлично поставен. Сите ученици (100%) потврдуваат дека се запознаени со наставникот координатор и имаат потпишано договори. Специфично за ветеринарниот профил е што учениците се однапред запознаени со ризиците при работа со животни.
- Највисок степен на теренска работа. Учениците во овој сектор најчесто ги користат Дневниците за УПР за евидентирање на практични вештини на фарми. Постои висока усогласеност на инфраструктурата кај работодавачите со наставната програма.
- Евалуацијата е редовна. Наставниците потенцираат дека по завршувањето на циклусот, учениците покажуваат зголемена самостојност во извршувањето на агротехничките мерки.

СЕКТОР: МАШИНСКИ

- Учениците во овој сектор имаат највисок процент на потврдени обуки за **Безбедност и здравје при работа (БЗР)**, што е критично заради работата со машини и алати.
- Реализацијата е во специфични услови (автосервиси и машински погони). Учениците известуваат дека често работат со современи дијагностички алати кои училиштето ги нема.
- Работодавачите се многу активни во пополнување на повратните информации за секој ученик поединечно.

СЕКТОР: ХЕМИСКО – ТЕХНОЛОШКИ

(профил: прехранбен техничар)

- Високо ниво на административна подготвеност. Сите ученици имаат потпишано договори и се запознаени со правилата за заштита при работа во прехранбената индустрија. Специфично за овој сектор е поседувањето на санитарни книшки, што е потврдено кај сите ученици.
- Евалуацијата се врши преку практична проверка на вештините во производните погони. Учениците добиваат потврди за завршената пракса.

8.2. Имплементација и ефекти од практичната обука

Прегледани документи

- ✓ Концепт за учење преку работа во Република Северна Македонија
- ✓ Упатствата за реализација на програма Учење преку работа и Феријална пракса
- ✓ Законот за наставници
- ✓ Законот за стручно образование и обука
- ✓ Програма за работа на на координаторот за учење преку работа
- ✓ Дневници за УПР

СЕКТОР: ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРЕН

- Највисок степен на теренска работа. Учениците во овој сектор најчесто ги користат Дневниците за УПР за евидентирање на практични вештини на фарми. Постои висока усогласеност на инфраструктурата кај работодавачите со наставната програма.
- Евалуацијата е редовна. Наставниците потенцираат дека по завршувањето на циклусот, учениците покажуваат зголемена самостојност во извршувањето на агротехничките мерки.

СЕКТОР: МАШИНСКИ

- Учениците во овој сектор имаат највисок процент на потврдени обуки за Безбедност и здравје при работа (БЗР), што е критично заради работата со машини и алати.
- Работодавачите се многу активни во пополнување на повратните информации за секој ученик поединечно.

СЕКТОР: ХЕМИСКО – ТЕХНОЛОШКИ

(профил: прехранбен техничар)

- Учениците редовно водат Дневници за УПР. Главна специфичност е работата во хигиенски контролирани услови. Постои добра

комуникација меѓу училишниот и деловниот ментор.

- Евалуацијата се врши преку практична проверка на вештините во производните погони. Учениците добиваат потврди за УПР.

8.3. Степен на задоволство на вклучените страни

Прегледани документи

- ✓ Концепт за учење преку работа во Република Северна Македонија
- ✓ Упатствата за реализација на програма Учење преку работа и Феријална пракса
- ✓ Законот за наставници
- ✓ Законот за стручно образование и обука
- ✓ Програма за работа на на координаторот за учење преку работа
- ✓ Годишна програма за работа на училиштето

Собрани податоци

СЕКТОР: ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРЕН

Наставници	Многу задоволни (оцена 4/4) од опременоста на фармите и ветеринарните станици.
Ученици	Високо задоволство од односот на менторите. Повеќето се изјасниле дека се чувствуваат како дел од тимот.
Родители	Сметаат дека ова е најпрактичниот сектор каде децата навистина имаат „занает во рака“.
Работодавачи	Задоволни од предзнаењето на учениците, но бараат поголема сериозност кај трета година.

- ✓ Дневници за УПР
- ✓ Прашалници за самоевалуација

- 1: Прашалник за наставници.
- 2: Прашалник за ученици.
- 3: Прашалник за родители.
- 4: Прашалник за работодавачи.

СЕКТОР: МАШИНСКИ

Наставници	Задоволни од соработката со малите и средни претпријатија (сервиси).
Ученици	**85% се задоволни**, најмногу поради тоа што работат на реални проблеми (поправки на возила).
Родители	Изразуваат загриженост за физичката безбедност, но се задоволни од заштитната опрема.
Работодавачи	Посочуваат на **слаб интерес** кај одредена група ученици за посложени машински операции.

СЕКТОР: ХЕМИСКО – ТЕХНОЛОШКИ

Наставници	Задоволни од современите производни линии кај работодавачот кои не се достапни во училиштето.
Ученици	**75% се задоволни**, но изразуваат незадоволство поради **необезбеден превоз и топол оброк** додека се

	на пракса во оддалечени капацитети.
Родители	Сметаат дека секторот нуди сигурна работа по матурирањето, но бараат подобри услови за престој на децата во компаниите.
Работодавачи	Позитивна оцена за дисциплината, но бараат учениците да покажат поголем интерес за хемиските процеси во производството.

8.4. Стекнати вештини, пречки и препораки

Прегледани документи

- ✓ Годишни извештаи-архива
- ✓ Извештаи по квартали од одговорни наставници за учење преку работа
- ✓ Педагошка евиденција
- ✓ Евиденција на дневници за УПР
- ✓ Годишен извештај на Координаторот за учење

Собрани податоци

СЕКТОР: ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРЕН

ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА ВЕШТИНИ И ПРЕЧКИ

- **Ефекти:** Најголем напредок во вештините за ракување со земјоделска механизација и грижа за здравјето на добитокот.
- **Пречки:** Главна пречка е **ниската мотивација** поради тешката физичка работа и недостатокот на паричен надоместок. Дел од наставниците посочуваат на недостаток на сертифицирани ментори во помалите земјоделски стопанства.

преку работа

ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

1. **Мотивација:** Иницирање фонд за мали стипендии од страна на компаниите.
2. **Дигитализација:** Користење на смарт-апликации за следење на земјоделското производство како дел од УПР.
3. **Обука:** Потребна е дополнителна обука на менторите од фармите за педагошки пристап кон учениците.

СЕКТОР: МАШИНСКИ

ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА ВЕШТИНИ И ПРЕЧКИ

- **Ефекти:** Учениците стекнуваат одлични технички вештини и навики за одржување на работен простор и алат.
- **Пречки:** Најчесто наведена пречка е **слабиот интерес** на учениците кои не ја гледаат својата иднина во овој сектор. Исто така, родителите често ја наведуваат **недоволната материјална придобивка**.

ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

1. **Осовременување:** Набавка на понови возила за вежбање во училиштето пред децата да отидат кај работодавачот за да не се чувствуваат несигурни.
2. **Дисциплина:** Построго следење на присуството од страна на училишните ментори.

3. **Ротација:** Учениците да не се користат само за помошни работи (чистење алат), туку активно да учествуваат во дијагностика.

СЕКТОР: ХЕМИСКО – ТЕХНОЛОШКИ

1. **Ефекти:** Учениците најмногу напредувале во делот на **контрола на квалитет** и **хигиенско-техничките стандарди (HACCP)**.
2. **Менторирање:** Менторите кај работодавачот се оценети како стручни, но преоптоварени со тековниот производствен процес, што понекогаш го крати времето за објаснување.
3. **Пречки:** * **Недостаток на материјален надоместок** (најголема пречка).
    - **Монотоност:** Учениците понекогаш се извршители само на еден тип механичка работа.
4. **Стипендирање:** Воведување на „компаниски стипендии“ за мотивирање на учениците да останат во секторот по завршување на образованието.
5. **Осовременување на наставата:** Усогласување на училишната програма со специфичните софтвери за следење на производството кои се користат во прехранбената индустрија.
6. **Ротација:** Обезбедување на учениците да поминат низ сите фази – од влез на суровини, преку лабораториска анализа, до финално пакување.

Подрачје: СОРАБОТКА СО ПАЗАРОТ НА ТРУД

Резултати:

Клучни јаки страни:

- ✓ **Висок степен на техничка подготвеност:** Училиштето има одлична административна поставеност. Сите сектори (Земјоделски, Машински и Хемиски) имаат навремено потпишани меморандуми, договори за практична обука и изготвени планови за работа.
- ✓ **Релевантност на компаниите:** Инфраструктурата кај работодавачите во Свети Николе (фарми, прехранбени погони, автосервиси) во голема мера соодветствува на наставните програми. Учениците имаат пристап до современи машини и технологии кои училиштето ги нема во своите кабинети.
- ✓ **Позитивен однос на менторите:** Учениците и родителите изразуваат високо задоволство од менторите во компаниите. Тие се оценети како стручни лица кои преку демонстрација и поддршка успешно го пренесуваат знаењето.
- ✓ **Стекнување практични вештини:** Учениците покажуваат реален напредок во стручните компетенции (ракување со механизација, контрола на квалитет, дијагностика), што ги прави поподготвени за пазарот на труд веднаш по завршувањето.
- ✓ **Безбедност при работа:** Висока свест за БЗР (Безбедност и здравје при работа). Скоро сите ученици се запознаени со ризиците и поседуваат заштитна опрема (а во Хемискиот сектор и санитарни книшки).
- ✓ **Одлична соработка со бизнис секторот:** Училиштето успеало да воспостави партнерства со релевантни компании чија инфраструктура и технологија се на повисоко ниво од училишните кабинети.
- ✓ **Висока административна подготвеност:** Процесот на УПР е законски и технички беспрекорно поставен (договори, осигурување, БЗР обуки, планови и програми).
- ✓ **Квалитетно менторство:** Повратните информации од учениците потврдуваат дека менторите кај работодавачите се посветени и поседуваат висок степен на стручност.
- ✓ **Применливост на знаењето:** Учениците реално стекнуваат вештини кои се веднаш употребливи на

пазарот на труд (дијагностика, земјоделски процеси, прехранбена контрола).

Слабости:

- ✓ **Ниска мотивација** кај учениците: Ова е најизразената слаба страна. Голем дел од учениците не гледаат директен интерес во процесот, што често се манифестира преку слаб интерес за учење на посложени операции.
- ✓ **Недостаток** на материјална придобивка: Речиси во секоја анкета (ученици, родители, наставници) се наведува дека отсуството на паричен надоместок (стипендии или дневници) од страна на компаниите е клучна пречка за поголем успех на моделот.
- ✓ **Административен товар**: Наставниците и работодавачите посочуваат на премногу документација (дневници, извештаи, потврди), што го крати времето кое менторите би можеле да го поминат во директна работа со децата.
- ✓ **Слаба вклученост на родителите:** Иако даваат поддршка, дел од родителите не се доволно вклучени во следењето на напредокот на своето дете кај работодавачот.
- ✓ **Логистички потешкотии**: Необезбедениот превоз и оброк за време на праксата (особено во машинскиот и земјоделскиот сектор) претставуваат товар за семејствата.
- ✓ **Јаз во технологијата**: Училишната опрема често не е во чекор со онаа кај работодавачот, што го отежнува првичниот премин на ученикот од училница во погон.

Подрачје: СОРАБОТКА СО ПАЗАРОТ НА ТРУД

Анализа на резултатите:

- Имплементацијата на Учењето преку работа (УПР) е законски утемелена и целосно усогласена со Законот за стручно образование и обука и Законот за наставници.
- Процесот се води според официјалниот Концепт за УПР, кој гарантира дека учениците ги постигнуваат резултатите од учењето преку решавање реални задачи кај работодавач.
- Воспоставена е клучната улога на наставникот-координатор како професионален мост помеѓу училиштето, учениците и компаниите.
- Постои висока административна подготвеност преку навремено потпишани меморандуми за соработка и договори за практична обука во сите сектори.

- **Земјоделско-ветеринарен сектор:** Постигнат е највисок степен на теренска работа на фарми, каде учениците покажуваат зголемена самостојност во извршувањето агротехнички мерки.
- **Машински сектор:** Учениците имаат пристап до современи дијагностички алати кои училиштето ги нема, при што е постигнат највисок процент на обуки за Безбедност и здравје при работа (БЗР).
- **Хемиско-технолошки сектор:** Процесот е специфичен по работата во строго хигиенски контролирани услови и задолжително поседување санитарни книшки кај сите ученици.
- **Технолошки јаз:** Утврдено е дека инфраструктурата и технологијата кај деловните партнери во Свети Николе во голема мера соодветствуваат на современите индустриски стандарди.

- Учениците успешно развиваат технички вештини за ракување со современа опрема, машини и примена на техничка документација.
- Се бележи напредок во организациските вештини, како што се планирање на активностите, почитување на работното време и водење работна евиденција.
- Преку УПР се поттикнуваат „меки вештини“: тимска работа, ефективна комуникација со менторите и професионална работна етика.
- Процесот резултира со зголемена самодоверба и подготвеност кај учениците за директно вклучување на пазарот на труд по матурирањето.
- Учениците и родителите изразуваат високо задоволство од стручноста и посветеноста на менторите кај

работодавачите.

- Наставниците го вреднуваат пристапот до производни линии кои не се достапни во училишните кабинети.
- Работодавачите даваат позитивна оцена за дисциплината на учениците, но сугерираат на потреба од поголем интерес кај одредени групи за посложени процеси.

Приоритетни потподрачја

- ✓ *Материјална стимулација и мотивирање на учениците*
- ✓ *Унапредување на логистичката поддршка*
- ✓ *Осовременување на училишната инфраструктура*
- ✓ *Оптимизација на практичната обука (Ротација)*
- ✓ *Дигитализација и професионален развој*

Потпис на членовите на комисијата:

1. Јасмина Тодосовска_____

2. Славјанка Тренчева_____

3. Билјана Панева_____

4. Благица Петрова_____

5. Билјана Миланова_____

ПРЕДЛОГ-МЕРКИ

ПОДРАЧЈЕ 1: Наставни планови и програми

- **Иницијативи за измени:** Покренување иницијативи до БРО и ЦСОО за измена и дополнување на наставните планови со цел нивно прилагодување на потребите на современиот пазар.
- **Воннаставни активности:** Поинтензивно вклучување на ученичката заедница во организирање на проекти и секции кои ќе ги афирмираат талентираните ученици.
- **Интегрирано учење:** Унапредување на меѓупредметната интеграција во наставата за подобро разбирање на материјата.

ПОДРАЧЈЕ 2: Постигања на учениците

- **Дополнителна настава:** Организирање навремена дополнителна настава за учениците со послаб успех веднаш по првиот класификационен период.
- **Следење на матурантите:** Воспоставување систем за следење на учениците кои го завршиле училиштето (алумни) за анализа на нивниот понатамошен успех.
- **Детекција на надарени:** Подобрување на вештините на наставниците за рана идентификација и работа со надарени и талентирани ученици.
- **Превенција од осипување:** Интензивирање на работата со учениците со висок број на изостаноци и нивните семејства.

ПОДРАЧЈЕ 3: Учење и настава

- **Дигитализација:** Опремување на сите училници со смарт табли и аудио-визуелни средства за модернизација на наставниот процес.
- **Интерактивност:** Подобрување на интерактивноста на часовите и примена на нови наставни форми, методи и техники.
- **Применливо знаење:** Стекнување на образовни знаења со висока практична применливост преку реални примери и вежби.

ПОДРАЧЈЕ 4: Поддршка на учениците

- **Стручна служба:** Зајакнување и подобрување на работата на стручната служба (психолог, педагог) во насока на кариерно советување.
- **Инклузија:** Континуирано стручно усовршување на наставниците за работа според наставни програми прилагодени за ученици со посебни образовни потреби.
- **Хармонична средина:** Воспоставување на безбедна и хармонична средина за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес.

ПОДРАЧЈЕ 5: Училишна клима и односи во училиштето

- **Соработка со родители:** Зголемување на учеството на родителите во разни активности, проекти и настани организирани од училиштето.
- **Ученичка заедница:** Поактивно вклучување на учениците во донесувањето одлуки кои директно влијаат на училишниот живот.
- **Промоција:** Подобро промовирање на личните и училишните постигања во пошироката јавност.

ПОДРАЧЈЕ 6: Ресурси (Материјално-технички услови)

- **Реновирање:** Изработка на проекти за изградба на спортска сала и делумно реновирање (фасада и внатрешен дел) на двете училишни згради.
- **Опремување:** Набавка на компјутери, наставни средства и опремување на кабинетите по стручните предмети.
- **Спортски простор:** Обезбедување соодветни просторни услови за реализација на програмите за спорт и спортски активности.

ПОДРАЧЈЕ 7: Управување и раководење

- **Транспарентност:** Подобрување на транспарентноста на работата на Училишниот одбор преку редовно објавување на одлуките и заклучоците.
- **Меѓународна соработка:** Интензивирање на соработката со сродни училишта во земјата и странство преку проекти за размена.

ПОДРАЧЈЕ 8: Соработка со пазарот на труд (УПР)

- **Партнерства:** Јакнање на соработката со бизнис секторот и аплицирање на проекти за обезбедување услови за реализација на практичната обука.
- **Материјална стимулација:** Покренување иницијативи кај работодавачите за обезбедување стипендии, топол оброк и превоз за учениците на пракса.
- **Научна соработка:** Подобрување на соработката со научни институции и граѓанскиот сектор за потребите на стручното образование.

Комисијата, Извештајот од извршената самоевалуација на работењето на училиштето ќе го достави до Училишниот одбор, до директорот на училиштето и до основачот.

Потпис на членовите на комисијата:

1. Николов Игор _____
2. Панев Ристе _____
3. Митрова Зојица З. Митрева
4. Лазева Митева Оливера О. Лазе-Лева
5. Бошкова Наташа Н. Бошкова
6. Данева Сања С. Данева
7. Маркова Ангела А Марк
8. Костадинова Марија _____
9. Тодосовска Јасмина _____